

# БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА ВО КУРИКУЛУМИТЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ

Модул со теориски и практични решенија

# БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА ВО КУРИКУЛУМИТЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ

## Модул со теориски и практични решенија

Промоција на безбедна училишна средина

Проект поддржан од Детска фондација Песталоци

Оваа активност се имплементира од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во рамките на проектот "Промоција на безбедна училишна средина". Проектот се спроведува од страна на Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско оразование, Прва детска амбасада во светот Меѓаши и СмартАп - Лабораторија за Социјални Иновации, со поддршка на Детската фондација Песталоци.

**Наслов:**
БЕЗБЕДНА УЧИЛИШНА СРЕДИНА ВО КУРИКУЛУМИТЕ НА НАСТАВНИЧКИТЕ ФАКУЛТЕТИ - Модул со теориски и практични решенија

**Издавач:**
Македонски центар за граѓанско образование - МЦГО Скопје

**Автори:**
Проф. д-р Деан Илиев; Проф. д-р Лулзим Мехмеди; Проф. д-р Кирил Барбареев

**Уредник:**
Бесник Рамадани

**Стручна редакција:**
Тулаха Тахир, Бесник Рамадани

**Лектура:**
Валентина Јошевска

**Место и година на издавање:**
Скопје, Република Северна Македонија - 2025

**Дизајн:**
Арбериа Десигн - Тетово

**Тираж:**
250

**Печати:**
Арбериа Десигн - Тетово

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

37.06:364.63(035)

ИЛИЕВ, Деан
Безбедна училишна средина во курикулумите на наставничките факултети : модул со теориски и практични решенија / Деан Илиев, Лулзим Мехмеди, Кирил Барбареев. - Скопје : Македонски центар за граѓанско образование, 2025. - 132 стр. ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр.125-127. - Содржи и: Прилози

**ISBN 978-608-4940-10-4**

1. Мехмеди, Лулзим [автор] 2. Барбареев, Кирил [автор]
а) Образование -- Насилство -- Превенција -- Прирачници

COBISS.MK-ID 66330885

Pestalozzi Children's Foundation

СЕГА Коалиција на младински организации www.sega.org.mk

ПРВА ДЕТСКА АМБАСАДА ВО СВЕТОТ МЕЃАШИ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

smartup

MACEDONIAN CIVIC EDUCATION CENTER

# СОДРЖИНА


**ПРЕДГОВОР ..... 5**

**ВОВЕД ..... 7**

**НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ ..... 9**

**1. ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН НАСИЛСТВОТО ..... 11**

Дефинирање на насилството ..... 11

Видови насилство ..... 13

Мотиви за насилство ..... 15

Улоги на учениците во процесите на насилство ..... 16

Улогите на наставниците во насилството од перспектива на учениците ..... 17

Фактори кои влијаат врз ставовите на наставниците кон насилството ..... 17

**2. КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА НА НАСИЛСТВОТО ..... 21**

За професионалните компетенции на наставниците во однос на насилството ..... 25

**3. ТАКСОНОМИИТЕ НА ЦЕЛИ И ПРОУЧУВАЊЕТО НА НАСИЛСТВОТО ..... 29**

За Блумовата таксономија ..... 29

Таксономија на афективното подрачје ..... 30

За таксономијата на Марзано ..... 32

**4. НАСТАВНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО ..... 43**

Учење засновано на компетенции/компетентност ..... 44

Мешано учење ..... 44

Учење засновано на проекти ..... 45

Учење од колеги/врсници/рамноправни ..... 46

Конструктивистичко учење и поучување ..... 48

**5. ТЕХНИКИ ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА/ ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО И СТУДИРАЊЕТО ..... 51**

**6. ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ ЗА ДИЗАЈН И ПРИМЕНА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА НАСТАВНИЦИ ВО ОДНОС НА НАСИЛСТВОТО ........ 55**

Примена на таксономиите на цели во поучување и проучување на насилството ........ 55

Потенцијални теми поврзани со насилството кои можат да бидат дел од студиската програма за иницијално образование на наставниците ........ 71

Примери за евалуација на постигнувањата на студентите поврзани со резултатите од учење дефинирани и прилагодени според таксономијата на Марзано во однос на теми и содржини од насилството и безбедната средина за учење........ 72

Конкретни совети за градење и развој на пристапи кон насилството........ 122

**РЕФЕРЕНЦИ ........ 125**

**ПРИЛОЗИ ........ 128**

# ПРЕДГОВОР

Насилството, како појава, сè подлабоко навлегува во секоја пора на општеството, живее и расте со развојот на општеството. Уште од најмала возраст секој од нас се соочува со различни форми на насилство кои немаат специфичен облик, не се секогаш препознатливи, а длабоко навлегуваат во нашата интима, предизвикуваат сомнеж во вистинските вредности, а можат да влијаат и врз нашето однесување кон себе и кон другите. Меѓународен, општествен и институционален одговор на насилството постои и тоа ги намалува ризиците од неговото влијание. Сепак, единствена целосна координирана акција и одговор на насилството ќе има тогаш кога секој поединец ќе има водечка улога во тие процеси. Наставникот со неговото однесување и воспитно-образовното делување е непосреден фактор што ги насочува и управува процесите на пренесување, димензионирање и развој на демократски вредности кај секој поединец во општеството. Поради тоа, значајни се сите обиди односот и однесувањето кон насилството во секоја негова форма да биде на соодветен, современ и сеопфатен начин отворен и претставен на секој сегашен и иден наставник. Така, наставникот ќе се стекне со знаења, ќе развие способности и вештини критички да „гледа" на насилството, да изгради став и да развие дидактичко-методички решенија за контекстуализација, индивидуализација и персонализација на насилството, со што ќе стане промотор на демократските вредности во училиштето и средината.

Идејата за овој прирачник произлезе од нашето индивидуално искуство, како луѓе и стручњаци за образовни прашања, но и од резултатите добиени од реализираното истражување во рамките на проектот „Промоција на безбедна училишна средина", а спроведено од Коалицијата на младински организации СЕГА во партнерство со Македонскиот центар за граѓанско образование, Првата детска амбасада во светот – Меѓаши и СмартАП – лабораторија за Социјални Иновации, со поддршка на Детската фондација Песталоци.

Во фокусот на истражувањето беа мислењата, ставовите и искуствата на учениците, наставниците, родителите и членовите на стручните служби и директорите во училиштето во однос на различните видови насилство.

Синтезата на добиените резултати води до општи сознанија од истражувањето кои покажуваат дека:

- Голем дел од учениците во основните училишта не се чувствуваат добро информирани за активностите на Ученичкиот парламент и Детскиот правобранител.
- Учениците генерално пријавуваат дека доживеале насилство врз нив, главно во форма на психолошко/емоционално и социјално насилство, но незанемарлив број од нив пријавуваат и физичко насилство.
- Голем дел од учениците истакнуваат дека насилството е прифатливо кога е чин на одмазда/одговор на насилството врз нив.
- Учениците имаат висока перцепција за нивните детски компетенции поврзани со заштитата од насилство, иако незанемарлив број од нив укажуваат дека користењето ненасилство во решавањето на проблемите е проблематично.
- Учениците тешко ги дешифрираат/толкуваат или идентификуваат насилните ситуации, а особено родовото насилство.
- Наставниците и родителите во основните училишта согледуваат поголема преваленца на насилство од родителите и наставниците во средното училиште.
- Генерално, наставниците, но и стручниот помошен персонал и директорите на училиштата пријавуваат и воочуваат највисоки нивоа на насилство меѓу учениците, а психолошкото/емоционалното и социјалното насилство се најзастапени.

- Генерално, наставниците известуваат дека училиштата имаат протоколи и процедури за постапување кога се случува насилство, но голем дел од нив покажуваат ниска компетентност за дешифрирање на ситуацијата на насилство во примери, особено за родово засновано насилство. Не е мал бројот на наставници кои наведуваат дека не знаат да препознаваат знаци на насилство кај жртвите и не ја познаваат училишната процедура за постапување.
- Наставниците покажуваат ниско ниво на знаење за употребата на дигитални алатки кои може да се користат за промовирање и на учеството на учениците и на ненасилната комуникација.
- Постои ниско ниво на правилна идентификација на насилството, особено на родовото насилство од страна на наставниците;
- Стручниот помошен персонал и директорите на училиштата од основното училиште истакнуваат дека се ангажирани во работата на Ученичкиот парламент во рамките на нивното училиште и ги поддржуваат учениците во нивното активно учество.
- Голем дел од родителите не се добро информирани за политиките, процедурите и практиките во справувањето со насилството.

Како поткрепа, за потребата на создавање на овој прирачник ќе интерпретираме некои од препораките кои произлегуваат од спомнатото истражување. Во однос на учениците, со истражувањето се препорачува:

- Подобро информирање на сите ученици за активностите на Ученичкиот/Студентскиот парламент и Детскиот правобранител.
- Изнаоѓање интересни и инспиративни начини, активности и канали за информирање за повеќе ученици да се вклучат во искажување на своето мислење и информирање за работата на ученичките тела во училиштата.
- Зголемување на бројот и времетраењето на училишните активности (работилници, часови итн.) и зголемување на бројот на ученици кои посетуваат такви активности за да се зголемат нивните компетенции во користењето на пристапот за заштита на правото на детето за заштита од насилство.
- Зголемување на бројот и времетраењето на активностите на учениците поврзани со нивните компетенции за користење ненасилна комуникација како начин за решавање проблеми.
- Зголемување на разбирањето на наставниците на ненасилната комуникација.
- Зголемување на активностите за учениците кои ќе доведат до разбирање и оспорување на културните норми на употреба на насилство за да се одмазди за претходното насилство.
- Зголемување на разбирањето на учениците за видовите насилство и дејствијата кои претставуваат насилство меѓу учениците.

Во однос на кадарот во училиштето со истражувањето се препорачува:

- Да се најдат начини за зголемување на севкупната поддршка на училиштето во работата на Училишниот парламент и ученичкиот активизам.
- Да им се даде и да им се дава соодветна поддршка на наставниците во справувањето со насилството.
- Да се поддржат наставниците да користат дигитални алатки за промовирање активно учество на учениците и ненасилна комуникација.
- Да се поддржат наставниците при споделување на најдобрите практики.
- Да се подигне свеста и да се поттикнат промени во училиштата поврзани со „Упатството на Министерството за образование и наука за заштита на жртвите на насилство од каква било форма на насилство, занемарување и злоупотреба“ за да им се овозможи на сите ученици да ја добијат потребната помош на кои таа им е потребна.
- Да се подигне капацитетот на целиот персонал во училиштата во однос на третманот на насилството во училиштето.

# ВОВЕД

Почитуван наставнику,

Општата цел на овој прирачник е да ги подготви идните наставници со знаења и вештини потребни за препознавање, спречување и справување со различните видови насилство во училишната средина, како и да ги поттикне учениците на демократско учество.

Примарна цел на изработката на прирачникот е да се креира база на резултати од учење, база на предлог-активности, стратегии и пристапи, база на предлог-содржини и други дидактичко-методички инструкции кои ќе бидат употребени од страна на наставниците на наставничките факултети во редизајнот, унапредувањето и осовременувањето на студиските програми кои ги реализираат во рамките на иницијалното образование на наставниците во однос на насилството.

Секундарно, прирачникот има за цел да придонесе за:

- подобрена имплементација на теориските и законските одредби за ученичко учество во процесите на донесување одлуки и заштита на децата;
- зајакнати капацитети на основните и средните училишта за превенција и справување со насилство;
- примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички од страна на наставниците на наставничките факултети, и
- примена на наставни методи и техники кои поддржуваат и промовираат заштита, учество и еднакви можности за сите ученици и ученички од страна на студентите - идни наставници.

Поконкретно кажано, преку користење на прирачникот од страна на наставниците на наставничките факултети, чии предметни програми ќе се ревидираат и унапредат, предвидуваме да се развијат сегменти од следниве компетенции кај студентите - идни наставници:

- ќе стекнат знаење за заштита од насилство врз децата, препознавање и борба против различни форми на насилство, ненасилна комуникација и мирно решавање на конфилктите и сл.;
- ќе ги практикуваат стекнатите знаења во практичната настава согласно со ревидираните програми во одредени предмети;
- ќе работат на спречување на насилството и ќе се справуваат со родово специфичните разлики на насилствата;
- ќе ја подигнат свеста од потребата за промоција на безбедна училишна средина;
- ќе практикуваат инклузија со почитување на различностите на граѓанската заедница во регионот и друго.

Прирачникот е составен од шест дела

Во првиот дел со наслов Теориски пристап кон насилството на современ, соодветен и сеопфатен начин се анализирани следниве поднаслови: дефиниции за насилството, видовите насилство, мотивите за насилство, различните улоги на учениците во процесите на насилство, улогите на наставниците во насилството од перспектива на учениците и факторите кои влијаат врз ставовите на наставниците кон насилството. Целта на овој дел е да се истакне сложеноста на насилството како појава, да се нагласи потребата од креирање активни мерки за превенција од него и да се мотивираат учениците за креативно учество при учењето, студирањето, истражувањето и поучувањето за насилството.

Во вториот дел од прирачникот со наслов Контекстуализација на насилството се поместени меѓународните решенија и практики кои го определуваат односот кон насилството и креирање безбедна средина за

учење во училиштата. Посебен акцент во овој дел е ставен на законските решенија и регулативите во нашата држава кои го определуваат однесувањето на вработените во училиштето во однос на насилството и мерките кои треба да се преземат во рамките на училиштето за создавање безбедна училишна клима.

Третиот дел со наслов Таксомиите на цели и проучувањето на насилството ги елаборираат веќе познатите теориски таксономии на Блум и на Кратвол, но отвораат и можности за промоција и примена на таксономијата на Марзано врз чија основа се изработени и развиени останатите делови од прирачникот.

Четвртиот дел ги обработува и елаборира наставните методологии кои би можеле да се применуваат при работа со студентите при проучување на насилството. Посебен акцент се става на: Учењето засновано на компетенции/компетентност, Мешаното учење, Учењето засновано на проекти, Учењето од колеги/врсници/рамноправни и Конструктивистичкото учење и поучување.

Петтиот дел со наслов Техники за проверување и евалуација/оценување на учењето и студирањето е посветен на бројни креативни и современи техники и пристапи со чија примена може конкретно, соодветено, навремено и креативно да се утврдат постигнувањата на студентите во однос на резултатите од учењето, во однос на компетенциите, но да ја откријат и успешноста на работата на универзитетските професори. Ова се можности кои може, но не мора, да се искористат од страна на наставниците, но секако се идеи кои може да ја развијат креативноста, контекстуалноста и рефлексивноста на универзитетските наставници.

Шестиот дел е посветен на практични аспекти за дизајн и примена на студиската програма за наставници во однос на насилството. Во овој дел се претставени креативни решенија за дефинирање на резултатите од учењето во однос на насилството и безбедната училишна средина со примена на таксономиите на цели на Блум, Кратвол и Марзано. Покрај тоа, наведени се примери на содржини и теми кои се можни, но не и единствени и конечни теми и содржини кои треба и може да се користат при развојот на компетенциите на студентите - идни наставници. Во овој дел поместени се и потенцијални теми поврзани со насилството кои можат да бидат дел од процесите за воведување на насилството во студиските програми на наставничките факултети. Значаен дел и посебно внимание се посветени и на примерите на евалуација на постигнувањата на студентите поврзани со резултатите од учење дефинирани и прилагодени според таксономијата на Марзано во однос на теми и содржини од насилството и безбедната средина за учење. Овие примери на евалуација можат да им бидат и водилки на универзитетските професори во дизајирање и употреба на сопствени техники за евалуација на постигнувањата на наставниците. Во овој дел се поместени и конкретни совети за градење и развој на пристапи кон насилството кои можат да им бидат од корист на универзитетските наставници со практичната примена на овој модул во нивните предметни програми.

На крајот од трудот се поместени референците кои се користени при изработка на прирачникот поделени во две категории: референци на латиница и референци на кирилица.

Прилозите се состојат од два документи кои се всушност начин на поврзување на модулот со моделот на формулар кој би помогнал во креирање на предметната програма во студиската програма, актуелниот формулар од Одборот за акредитација во високото образование во Северна Македонија. Прилагодените, унапредените и редизајнираните предметни програми во студиските програми на наставничките факултети во кои се внесени дополнување и измени во однос на проучувањето на насилството и креирање безбедна средина за учење во училиштата.

# НАЧИН НА КОРИСТЕЊЕ НА ПРИРАЧНИКОТ

Прирачникот е составен од теориски и практичен дел. Теорискиот дел треба да се прочита и анализира. Прашањата кои ќе се отворат кај вас, а се однесуваат на односот кон насилството во теоријата и потребата за третман на насилството во пракса, вашиот личен став и погледите кон насилството досега и отсега, Што понатаму со насилството откако го прочитав ова?, Се гледам ли јас некаде како човек и наставник во процесите на спречување на насилството и сл.? - ќе најдете готови одговори, но и предлог-одговори и насоки за делување во практичниот дел. Во практичниот дел од прирачникот секој наставник ќе има можност на креативен начин, користејќи ги понудените примери и предлози, сам или во соработка со свои колеги од струката, да дизајнира и прилагоди дел од својата предметна програма во насока на внесување на некој од аспектите на насилството како начин на препознавање, спречување и справување со различните видови насилство во училишната средина. Имено, секој од наставниците кој смета дека може да се воведе некој од аспектите на насилството во своите предмети има можност, следејќи ги понудените чекори во прирачникот, да го направи тоа на следниот начин:

- **Чекор 1.** Определете го подрачјето на компетенции кое ќе го развивате во рамките на конкретниот предмет со избор на една од понудените во овој прирачник;
- **Чекор 2.** Определете од понудените (или креирајте своја) која компетенција поврзана со насилството што е во фокусот на вашиот предмет (имате можност за развој на повеќе компетенции поврзани со насилството во вашиот предмет);
- **Чекор 3.** Определете ги резултатите од учењето на вашите студенти преку избор и користење на глаголите понудени во табелата од Таксономијата на Марзано прилагодена за оваа прилика;
- **Чекор 4.** Определете преку која содржина ќе се обидете да дојдете до резултатите од учењето (Примери од содржини се наведени и елаборирани во овој прирачник, но не ограничувајте се само на наведените);
- **Чекор 5.** Добро размислете, според Вашето искуство, која наставна методологија ќе ја користите за потполна реализација на очекуваните резултати од учењето (Примери од наставни методологии се поместени во прирачникот и можете да се повикате на нив, доколку сметате дека ви одговараат вам, контекстот на поучување и карактерот на предметот);
- **Чекор 6.** Определувањето и дефинирањето на начинот на евалуација е следниот елемент неопходен да се заокружи процесот на успешна имплементација на димензиите на насилството во вашиот предмет. (Можете да одберете некои од понудените форми на евалуација кои се елаборирани во прирачникот);
- **Чекор 7.** Добро е, но не и неопходно, да се обидете да определите кои се индикатори на успешност, односно неуспешност во реализација на очекуваните резултати. Ова е дидактичка алатка за рефлексија според која ќе можете да определите дали и колку сте успеале во намерата на реализација на предвидените резултати од учењето;
- **Чекор 8.** Секако дека е неопходно на вашите студенти да им понудите список со современи, соодветни и нови извори во кои е обработена оваа проблематика за понатамошно продлабочено проучување на содржините од нивна страна (Можете да ја користите базата на извори/референци понудена во прирачникот или да најдете и креирате свои референци).

Секој наставник треба да има предвид дека Прирачникот е создаден во форма на рамка на наставна програма (Curriculum framework) за развој на наставнички компетенции на идните наставници. Тоа значи дека прирачникот не нуди готови и единствени решенија за дизајн на предметните програми во студиската програма фокусирани на насилството. Потребно е секој од универзитетските наставници на наставничките факултети да ги прилагоди понудените примери, да ги поврзе понудените предлог-решенија со карактерот и суштината на предметот и дисциплината која ја реализира, да креира нови, научно и практично издржани, конкретни и контекстуални решенија за димензионирање на својата предметна програма.

# 1

# 1. ТЕОРИСКИ ПРИСТАП КОН НАСИЛСТВОТО

Одговорот на многубројните предизвици поврзани со насилството треба да го побараме во теориската поставеност, практичните аспекти, различните перспективи и неможноста на единствен начин да се определи значењето, улогата и влијанието на насилството врз младиот човек. Целта на теорискиот пристап кон насилството во овој прирачник не е да утврдиме дека постои извесно нееединство во наведеното, туку преку истакнување на различните погледи и сфаќања да ја истакнеме потребата од контекстуализација и конкретизација на поимот, суштината, значењето и третманот на насилството од страна на индивидуите и институциите. Тоа ќе ја зајакне нивната превентивна и заштитна улога, ќе развие институционални и индивидуални капацитети координирано, контекстуално и ситуациски да се носат одлуки и решенија со кои ќе се намалат негативните влијанија на насилството врз поединците, групите и целото општество.

## Дефинирање на насилството

Вистина е дека тоа што нè опкружува е најтешко да го дефинираме. Секогаш ќе сретнеме луѓе со друга перцепција, со друго лично, но и туѓо споделено искуство, луѓе со кои можеме да се согласиме или да не се согласиме околу тие случувања, односи и релации. Токму таков е случајот со поимот и со суштината на поимот насилство. За Пегуеро и Хонг „Немањето стандардна дефиниција и заеднички договорено значење на училишното насилство низ контексти можеби резултира со тоа училишните администратори, факултетот и персоналот да се потпираат на социјалните и културните предрасуди за да ги водат сопствените толкувања и одговори за насилството."[1]

Немаме намера да прифатиме или отфрлиме некое толкување на поимот насилство, туку само да ги истакнеме неговите заеднички и алтернативни погледи, да го димензионираме насилството преку неговите појавни и скриени облици и да го мотивираме наставникот за соодветна подготовка за предизвикот наречен насилство.

Ќе започнеме од наједноставните дефиниции и определби кои се фокусираат на суштината, но не и на содржината на насилството. Така за Бенсон Ј. „Насилство е кога некој плаши, повредува или ѝ се заканува на помала или послаба личност. Насилниците ја користат својата моќ и популарност за да направат луѓето да се чувствуваат мали".[2] Во иста насока е и сфаќањето дека насилството подразбира „...намерно агресивно однесување кое обично се случува постојано со текот на времето (или има потенцијал да се повтори) во контекст на диференцијална моќ"[3], што со други зборови ја истакнува разликата во потребата да се биде „поголем" од другиот или другиот да се направи „помал" во однос на себеси. Овој агол на гледање се потврдува и од страна на американските центри за контрола и превенција на болести, Министерството за образование и Управата за здравствени ресурси и услуги кои развиле единствена дефиниција според која: „Насилството е какво било несакано агресивно однесување... што вклучува забележана или согледана нерамнотежа на моќта и се повторува повеќе пати или има голема веројатност да се повтори. Насилството може да нанесе штета или вознемиреност на целната младина, вклучувајќи физичка, психолошка, социјална или образовна штета."[4] Парафразирајќи ја дефиницијата на Центрите за болести и превенција Клеин Ј. го дефинира малтретирањето како „несакано, агресивно однесување меѓу децата на училишна возраст што

1 Peguero A.A. & Hong J. S. (2020) *School Bullying Youth Vulnerability, Marginalization, and Victimization*, Springer, p. 16

2 Benson J. (2021). *Bullying*, The Rosen Publishing Group, p. 9

3 Bradshaw P. C. & Waasdorp T. E. (2019). *Preventing Bullying in Schools- A Social and Emotional Approach to Early Intervention, W. W. Norton & Company*, p. 13

4 More in: Hellström L., Thornberg R., & Espelage L. D. In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 5

вклучува реален или воочен дисбаланс на моќта. Однесувањето се повторува или има потенцијал да се повтори со текот на времето.“[5]

Многу едноставна дефиниција која невлегува во суштината на насилството е онаа која произлегува од работата на Волк, Дејн и Марини (2014) кои предложиле нова дефиниција за училишното насилство што ги отстранува критериумите за штетна намера и повторување. Тие го дефинираат насилството како „агресивно однесување насочено кон целта што му штети на друг поединец во контекст на нерамнотежа на моќта“ (стр. 327). Во објаснувањето на оваа дефиниција, Волк, Венстра Еспелаж (Volk, Veenstra и Espelage, 2017) тврдат дека „поединците вршат насилство поради ресурси, репродуктивни можности или социјална репутација што го олеснува постигнувањето на првите две цели“ (стр. 35).“[6]

Малку посложена дефиниција која разгледува повеќе димензии на насилството дава Олвеус Д. (Olweus D.) според кого стандардниот термин за насилство ги вклучува следните критериуми: (а) физичка повреда на личност (на пр., удирање, клоцање, туркање) или исмејување, исклучување на и/или ширење гласини за некоја личност, (б) виктимизацијата се случува постојано со текот на времето и (в) жртвите немаат еднаква сила или моќ како насилникот.“[7] Клеин го интерпретира Олвеус Д. според кого насилството се случува „...кога некој постојано и намерно кажува или му прави значајни повреди на друго лице на кое му е тешко да се одбрани“....„За дејството да се дефинира како насилство, Олвеус наведува дека сторителот намерно ја повредил другата страна. Во оваа фаза од еволуцијата на дефиницијата, Олвеус не се осврнува на искуството на оштетената страна.“[8] За Клеин „Дефиницијата за насилство се фокусира првенствено на намерите на сторителите“.[9] Токму Клеин е човекот кој ги истакнува четирите компоненти на американската дефиниција за малтретирање – „намера, повторување, нерамнотежа на моќта и непосакуваност од страна на лицето кое е малтретирано...“ и смета дека „...училиштата се задолжени да утврдат кога однесувањето ги исполнува овие критериуми.“[10] Во насока на ова оди и констатацијата дека: „Насилното однесување не е едноставно само под влијание на индивидуалните ставови и однесувања, туку исто така е под влијание или е инхибирано од меѓучовечките односи, како и од пошироките фактори на социјалната средина како што се училиштето, заедницата и општеството во целина.“[11]

Од досега кажаното се воочуваат т.н. „параметри на насилството“ според кои:

- „Насилството вообичаено се случува помеѓу два или повеќе поединци во контекст на разликата во моќ или статус;
- Тоа е намерно и има тенденција да се случува повторно и повторно;
- Може да се случи лично или онлајн;
- Тоа може да има многу форми, вклучително и намерно изолирање на некого, ширење гласини, прозивка, закана за физичка или емоционална повреда, дури и крадење лични работи.“[12]

---

5 Klein J. (2020). *Bullying : a reference handbook*. ABC-CLIO, LLC, p. 97

6 In: Horton P., Critique of the Bullying Research Program In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 64

7 In: Peguero A.A. & Hong J. S. (2020) *School Bullying Youth Vulnerability, Marginalization, and Victimization*, Springer, p. 16

8 Klein J. (2020). *Bullying : a reference handbook*. ABC-CLIO, LLC, p. 96, 97

9 Klein J. (2020). *Bullying : a reference handbook*. ABC-CLIO, LLC, p. 99

10 Klein J. (2020). *Bullying : a reference handbook*. ABC-CLIO, LLC, p. 98

11 Peguero A.A. & Hong J. S. (2020) *School Bullying Youth Vulnerability, Marginalization, and Victimization*, Springer, p. 15

12 Bradshaw P. C. & Waasdorp T. E. (2019). *Preventing Bullying in Schools- A Social and Emotional Approach to Early Intervention, W. W. Norton & Company,* p. 9

## *Видови насилство*

И покрај различните погледи и толкувања на поимот насилство, во теоријата и практиката кај научниците постои извесна согласност околу видовите насилство. Во речиси сите анализирани извори за оваа прилика идентификувавме три доминантни видови насилство: ***физичко***, ***вербално*** и ***социјално/релационо***. Како посебен вид насилство кој со користењето на интернетот, социјалните мрежи и средствата за масовна комуникација зазема голем дел од воочените, пријавените и третираните случаи, е т.н. ***кибернасилство***.

Објаснувањето на Бенсон за трите вида насилство е следно: „Вербалното насилство е кажување или пишување навредливи работи за некого. Социјалното насилство го повредува начинот на кој другите луѓе размислуваат за некого. Физичкото насилство е повредување на нечие тело или предмети."[13] И за Бредшоу и Васдорп насилството често содржи една од трите форми: физичко, вербално или релациско. Според нив „Физичкото насилство вклучува однесувања како што се: удирање, туркање и клоцање. Ова однесување е отворено, со јасен почеток и крај. Вербалното и релациското насилство се и нефизички форми на насилство. Вербалното насилство вклучува отворени однесувања како што се викање лице в лице, задевање и навреди."[14]

Можеби најсеопфатно, но и наједноставно опишаното соодветно однесување за секој од видовите насилство дава Беар. Според овој автор: „Додека однесувањата што претставуваат физичко и вербално насилство се прилично очигледни, оние што претставуваат социјално насилство честопати се занемаруваат како форми на насилство. Физичкото насилство се однесува на такви однесувања како што се: удирање, клоцање, туркање, сопнување, правење груби гестови со раце, плукање и крадење или кршење туѓи работи. Вклучува и закани за кое било од тие однесувања, иако некои истражувачи ги вклучуваат заканите како вид вербално насилство. Вербалното насилство се состои од напади со зборови како што се: задевање, прозивка, кажување навредливи или лоши работи, закани, исмејување и давање несоодветни сексуални коментари. Социјалното насилство, исто така, наречено релациско или социјално/релациско малтретирање, се однесува на однесувања кои предизвикуваат или се закануваат да предизвикаат оштетување на односите со врсниците, како што се: исклучување други, ширење гласини за другите, засрамување на другите јавно и кажување на другите да не се дружат или да се биде злобен со некого."[15]

Еве некои примери на насилство кои можат да придонесат за успешно идентификување на насилното однесување:

- **„Вербално насилство** (задевање; исмејување; несоодветни сексуални коментари; повикување со име; заканување и сл.)
- **Социјално насилство** (намерно оставање некого надвор; кажување на другите да не се дружат со некого; ширење гласини за некого; засрамување некого пред други и сл.)
- **Физичко насилство** (удирање, клоцање или тупање; сопнување или туркање; земање или кршење нечии работи; плукање; правење лоши гестови и сл.)"[16]

„Кибернасилство може да се дефинира како „намерно штетно однесување извршено од група или поединци, кое се повторува со текот на времето, користејќи дигитална технологија за агресија врз жртва која не е во состојба да се одбрани" (Campbell & Bauman, 2018, стр. 3)."[17] Сепак, како што

13 Benson J. (2021). *Bullying*, The Rosen Publishing Group, p. 11

14 Bradshaw P. C. & Waasdorp T. E. (2019). *Preventing Bullying in Schools- A Social and Emotional Approach to Early Intervention, W. W. Norton & Company*, p. 21

15 Bear G. G. (2024) *Lying, Cheating, Bullying, and Narcissism*- The Development of Self-Discipline and the Influence of Trumpism, Routledge p.155, 156

16 Benson J. (2021). *Bullying*, The Rosen Publishing Group, p. 11, 12

17 Hellström L., Thornberg R., & Espelage L. D., Definitions of Bullying In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 6

констатира Беар, иако „...кибернасилството се однесува на употребата на дигитални уреди како што се: компјутери, таблети и мобилни телефони за испраќање злобни или навредливи пораки на другите или за објавување на социјалните медиуми (на пр., преку X, Facebook, Instagram, Snapchat), на форуми и во игри, сепак, дел од експертите за насилство се согласуваат дека кибернасилството е посебен вид насилство. Авторот констатира дека, „...многумина го сметаат кибернасилството како средство (т.е. електронски) за вклучување во вербално, физичко и социјално насилство. Како такви, тие би го сметале користењето на социјалните мрежи за испраќање навредливи пораки како вербално насилство. Исто така, физичките закани на другите на социјалните мрежи ќе се сметаат за физичко насилство, а ширењето гласини за другите на социјалните мрежи ќе се смета за социјално насилството."[18]

Во оваа прилика можеби е значајно да се претстави класификацијата на содржината на кибернасилството.[19] Група автори зборуваат за класификација: по однесување; по општествени улоги и по режим на комуникација.

- ***Класификација по однесување***

„Груба класификација на кибернасилството заснована на однесување беше понудена од Лангос (2012), кој го подели кибернасилството на директно и индиректно кибернасилство. Директното кибернасилство опишува инциденти во кои се одвива непосредна комуникација од сторителот до жртвата, како што е испраќањето навреди. Индиректното кибернасилство се однесува на комуникации, кои не се однесуваат директно на целта, туку на јавноста или полујавноста, како објавување гласини на онлајн социјалните мрежи.

- ***Класификација по општествени улоги***

„Независно од специфичното однесување, кибернасилството може да се подели со улогата што ја има личноста во овој општествено динамичен процес. Оваа потподелба може да се гледа како дополнителна димензија или оска, која може да се комбинира со одредени категории на однесување со цел да се постигне посеопфатен опис на одредена личност. Типичната дијада жртва-сторител претпоставува дека поединците припаѓаат или на група жртви, на група насилници или не се вклучени. Проширувањата на овој пристап вклучуваат категорија каде што адолесцентите се вклучени и во извршувањето и во виктимизацијата т.е. припаѓаат на група жртви на насилник."[20]

- ***Класификација по режим на комуникација***

„...Начинот на категоризирање на формите на кибернасилство е медиумот на нападот. Смит и сор. (2008) на пример, откриле седум канали на електронска агресија и кибер-насилство: СМС, е-пошта, телефон, објавување аудиовизуелен материјал, соби за разговор, инстант пораки и на веб-страници"… „...да се разликува директна онлајн комуникација налик на лице-в-интеракција со лице (на пр., во соби за разговор) од начини на онлајн комуникација, кои се засноваат на задоцнети одговори (на пр., е-пошта)"… „страници за социјално вмрежување (Facebook и WhatsApp…)"…„онлајн медиумски платформи како, YouTube (слични можности се достапни на посложени онлајн платформи, како што се Мајспејс, Инстаграм и Фејсбук)"…„ онлајн игри и еСпорт. Онлајн игрите вклучуваат уреди и платформи како што се: конзоли (на пр., Playstation, Xbox), рачни уреди (на пр., Nintendo DS), мобилни уреди (на пр., паметни телефони, таблети) и компјутери",…„Сајтовите за состаноци може да бидат и платформа за кибернасилство."[21]

---

18 Bear G. G. (2024) *Lying, Cheating, Bullying, and Narcissism*- The Development of Self-Discipline and the Influence of Trumpism, Routledge p.155, 156

19 Scheithauer H., Schultze-Krumbholz A., Pfetsch J., & Hess M. Types of Cyberbullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 125

20 Scheithauer H., Schultze-Krumbholz A., Pfetsch J., & Hess M. Types of Cyberbullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 127

21 More in: Scheithauer H., Schultze-Krumbholz A., Pfetsch J., & Hess M. Types of Cyberbullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 128-131

## *Мотиви за насилство*

Со идентификување на мотивите за насилство се прави пресретнување на изненадувањето, степенот на интензитет, мултидимензионалноста и болката која насилството може да ја предизвика кај поединците и кај општествените групи и заедници. Секако дека идентификацијата ќе ја зголеми општествената и институционалната реакција и таа ќе ја направи посоодветна и навремена.

За Сандерс и Маламут, всушност, „Мотивите можат да фрлат светлина врз целта на однесувањето на насилство, ... Мотивите обично се дефинираат како „зошто" на однесувањето (McAdams, 2002). Некој кој е мотивиран ќе биде поттикнат да направи нешто (Ryan & Deci, 2000, 2017)"[22] поради:

- „**Доминација** (насилниците водени од моќ ги вознемируваат своите врсници со цел да покажат контрола над нив или над посакуваните ресурси.);
- **Статус** (Статусот се однесува на (перцепираната) социјална положба и релативна позиција во социјалната хиерархија. Поединците може да ги малтретираат другите за да се обидат да ја нарушат нивната социјална положба (и последователно да ја зголемат сопствената положба во социјалната хиерархија; Салмивали, 2010);
- **Одмазда** (... насилниците може да ги сфатат нивните постапки како оправдани, бидејќи биле испровоцирани или требало да се одмаздат на „погрешното дело" на жртвата);
- **Правда** (Некои луѓе демонстрираат насилство поради чувство на праведност или за да ги поправат надворешните личности кои направиле нешто неприфатливо според општествени, морални или културни норми… Овие насилници ги жртвуваат другите со желба за правда, дури и кога нема очигледна корист за казнувачот (т.е. алтруистичка казна; Фер и Гахтер, 2002);
- **Припадност** (Потребата да се биде прифатен првично е поврзана со наклонетоста, а со тоа и со просоцијалното однесување. Сепак, може да се поврзе и со асоцијално однесување, бидејќи насилството може да се користи за да биде прифатено во група или за стекнување или одржување пријатели);
- **Романса** (Според теоријата на Пелегрини (2002) во адолесценцијата доминацијата или статусот не се секогаш крајните цели на насилството, туку наместо тоа се користат како средства за стекнување романтични врски);
- **Идентитет** (Сè уште не е јасно дали луѓето со ниска или висока самодоверба се повеќе склони кон агресивно однесување. Ниската самодоверба може да доведе до малтретирање за лицето да се заштити од негативна слика за себе или да си ја зголеми самодовербата. Високата самодоверба или идеализираната самоперцепција лесно се нарушува и лицето може брзо да помисли дека е малтретирано што може да доведе до агресија (Островски, 2010);
- **Благосостојба** (Насилството може да биде мотивирано и од целта да се избегне емоционална или физичка штета. Ова го нарекуваме мотив за благосостојба. Тоа вклучува вознемирување на другите за да се избегне стрес, конфликти или други негативни чувства како што е анксиозноста. Така, насилството може да се изврши заради самоодржување (Fluck, 2014; Varjas et al., 2010)… Насилството може да се користи и како одвлекување на вниманието од негативните чувства со цел лицето да се чувствува добро.);
- **Забава** (На крајот, малтретирањето од забава или возбуда, затоа што некому му е здодевно, често се именува како мотив од страна на децата и адолесцентите,… Fluck (2014) откри дека „забавата" е една од најчестите причини што насилниците ги навеле за малтретирање на колега студент.)"[23]

---

22 Sanders P. B. J., Malamut S. & Cillessen N. H. A., Why Do Bullies Bully? Motives for Bullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 158

23 More in: Sanders P. B. J., Malamut S. & Cillessen N. H. A., Why Do Bullies Bully? Motives for Bullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 160- 167

Во контекст на мотивите можеби е корисно да се споменат факторите кои може да го зголемат или намалат училишното насилство: „(1) социјална положба, (2) социјална стратификација - разновидност на општествени идентитети, вклучувајќи раса и етничка припадност, статус на имигрант, пол, сексуална ориентација, родов идентитет, родово изразување и попреченост, (3) промовирање или инхибиција на средини, (4 ) адаптивна култура и моментални барања, (5) карактеристики на младите и (6) семејството."[24]

## *Улоги на учениците во процесите на насилство*

Особено значајно прашање, кое може да даде одговор на односите помеѓу учесниците во процесите на насилство, е познавање и идентификација на различните улоги кои ги играат различните субјекти вклучени во процесот. На сознанијата од истражувањата на Салмивали со колегите се повикува Џини Џ. со својот тим. „Салмивали и колегите идентификуваат шест различни модели на вклученост во насилството, наречени „***улоги на учесници***", користејќи процедура за процена од врсници во примерок од рани адолесценти од Финска (на возраст од 12-13 години; Salmivalli, Lagerspetz, Bjorkqvist, Osterman, & Kaukiainen и 1996, )." ...Според нив, постојат „класични" улоги на насилниците, учениците кои преземаат иницијатива и почнуваат да вршат насилство и жртвите кои се цел на насилството. Исто така, во групата има врсници кои можат да го одржат или, обратно, да се справат со процесот на насилство со преземање различни улоги: (а) помошниците на насилникот кои не го започнуваат насилството, туку се приклучуваат кога некој друг ќе ја започне агресијата; (б) засилувачите на насилникот, кои го поттикнуваат насилството со обезбедување навивачка публика, смеење, доаѓање да видат што се случува, поттикнување на насилникот итн. (в) бранителите на жртвата, односно просоцијалните ученици кои ја тешат и поддржуваат жртвата, се обидуваат да интервенираат за да ги натераат другите да престанат со насилството или да му кажат на возрасен да интервенира.; (г) „аутсајдерите" - исто така наречени „пасивни случајни минувачи" - кои се држат настрана од ситуации на насилство и не заземаат ничија страна. Авторите, исто така, ги анализираа разликите меѓу полот и социјалниот статус во различните улоги и открија дека поголема е веројатноста бранителите и аутсајдерите да се девојчиња, додека насилниците, асистентите и засилувачите почесто се момчиња."[25] Џини Џ. продолжува со истакнување на другите фактори кои се поврзани со однесувањето на одбраната, „...како што се ставовите против насилство и прожртва, чувство за социјална правда, високо чувство на одговорност за интервенција, чувство на вина или срам поради тоа што не помагаме и ниско ниво на интернализирање проблеми (Jenkins & Fredrick, 2017; Mazzone, Camodeca, & Salmivalli, 2016; Pozzoli & Gini, 2010; Wu, Luu, & Luh, 2016)."[26] Генерални карактеристики по кои може да се препознае насилникот се следниве:

- **Доминира** - мора да биде „алфа"; бара цели кои изгледаат послаби; недостиг на сочувство.
- **Се брани** - не признава вина; ги презира другите; избегнува одговорност.
- **Лаже** - манипулира со поплаки за да добие поддршка; измамник; ја крие вистината бидејќи неговата моќ се заснова на лаги."[27]

24 Peguero A.A. & Hong J. S. (2020) *School Bullying Youth Vulnerability, Marginalization, and Victimization*, Springer, p. 32

25 Види повеќе во: Gini G., Pozzoli T., Jenkins L., & Demaray M., Participant Roles in Bullying In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 79

26 Види повеќе во: Gini G., Pozzoli T., Jenkins L., & Demaray M., Participant Roles in Bullying In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 84

27 Hanson R. (2023) *Making great relationships*, New York: Harmony, p. 141

## Улогите на наставниците во насилството од перспектива на учениците

Ова прашање непосредно е поврзано со една од целите на овој прирачник, а се однесува на перцепцијата на учениците за знаењето, способноста и искуството на наставниците да им помогнат во случај да бидат жртви на насилство. Според Мазоне и колегите „Неподготвеноста на учениците да им ја откријат виктимизацијата на наставниците може да биде поврзана со фактот што повеќето ученици веруваат дека училишниот персонал ќе ја влоши ситуацијата ако интервенира за да престане со насилството или дека наставниците не се заинтересирани да преземат акција против малтретирањето (Бредшо, Соер и О Бренан, 2007 година, Гинг и О'Хигинс Норман, 2016 година). Всушност, виктимизираните ученици имаат поголема веројатност да побараат помош од своите врсници, особено од пријателите (Хантер, Бојл и Варден, 2004), а исто така е поголема веројатноста да му кажат на возрасен дома за насилството, наместо да му кажат на наставникот (Бломквист, Saarento-Zaprudin, & Salmivalli, 2020)." Сознанијата на цитираните автори покажуваат дека: ...„учениците што ги перцепираат нивните наставници како способни да ги решат конфликтите со врсниците и врсничката виктимизација покажуваат поголема подготвеност да побараат помош (Aceves, Hinshaw, Mendoza-Denton, & Page-Gould, 2010)."[28]

## Фактори кои влијаат врз ставовите на наставниците кон насилството

Едно од прашањата кое ги диференцира ставовите и однесувањето на наставниците кон насилството се разликите што постојат помеѓу самите наставници. Мазоне и колегите ги наведуваат и објаснуваат следниве фактори:

- ***Родот*** е еден од индивидуалните фактори поврзани со ставовите на некои наставници кон насилството. Разликите помеѓу женските и машките наставници се мали, но постојани...
- ***Наставничкото искуство*** има позитивен ефект врз подготвеноста на наставниците да го препознаат и активно да се справат со насилството,
- ***Емпатијата*** влијае на веројатноста наставникот да ги препознае епизодите на насилство, нивните перцепции за сериозноста на насилството и нивната веројатност да интервенираат (Craig et al., 2000),
- ***Самоефикасноста*** е уште една клучна карактеристика што влијае на ставовите на наставниците кон насилството. Училишниот персонал, вклучувајќи ги наставниците, училишните психолози и советниците, кои покажуваат поголема самоефикасност во справувањето со ситуациите на насилство, имаат поголема веројатност да интервенираат и да ја решат ситуацијата (Bradshaw et al., 2007),
- Друг фактор што влијае на ставовите и тенденциите на наставниците да интервенираат е ***согледаната сериозност на епизодата на насилство***. Постои поголема веројатност наставниците да интервенираат и да го санкционираат насилството кога ќе сфатат дека инцидентот е сериозен (Yoon & Kerber, 2003),
- ***Контекстуалните фактори*** поврзани со ситуационите и училишните карактеристики, исто така, влијаат на ставовите на наставниците кон насилството."[29]

Ова покажува дека не треба да се очекува иста реакција од наставниците во секоја од фазите на справување со насилството, ниту пак дека реакциите на наставниците треба да се единствени и исти

---

28 Mazzone A., Kollerová L. & O'Higgins Norman J., Teachers' Attitudes Toward Bullying: What Do We Know, and Where Do We Go from Here? In: In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 140, 141

29 Mazzone A., Kollerová L. & O'Higgins Norman J., Teachers' Attitudes Toward Bullying: What Do We Know, and Where Do We Go from Here? In: In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 145- 146

во однос на секоја демонстрација на насилство во училиштето. Сепак, истите автори предлагаат мерки кои ќе го изедначат и ќе го унапредат однесувањето на наставниците кон насилството. Според нив потребно е:

- „**Подигање на свеста** (За да им се помогне на наставниците да го спречат, да го идентификуваат и да се справат со насилството, наставниците треба да бидат посвесни за степенот на насилство (O'Moore, 2000),
- **Предизвикување на лажните верувања на наставниците** (Наставниците треба да бидат свесни дека сите поттипови насилство се сериозни и дека насилството во сите негови форми придонесува за создавање токсична училишна средина. Важно е дека перцепциите на наставниците за сериозноста на насилството можеби не се во согласност со влијанието на насилството на учениците. Навистина, наставниците не се секогаш свесни за штетните последици од насилството и кибернасилството (Stauffer et al., 2012);
- **Поттикнување емпатија и чувство за одговорност кај наставниците** (Зголемувањето на емпатијата кон виктимизираните ученици може да се смета за важен елемент во програмите за интервенција и обуката на наставниците. Надвор од емпатијата и воочената поддршка во училиштето, чувството на одговорност на наставниците да се справат со насилството меѓу учениците без разлика каде се случува, исто така, да се негува;
- **Обука за наставници** (наставниците треба да бидат подобро едуцирани за импликациите на насилството и кибернасилството врз благосостојбата на учениците)."[30]

Токму последното, обуката на наставниците за насилството е примарен фокус на овој прирачник. Имено, покрај активностите во доживотното учење на наставниците кои се случуваат инцидентно и во рамките на проектни активности без, или со мала одржливост на достигнувањата, коренот за надминување на разликите помеѓу наставниците во однос на насилството лежи во системското воведување на проучувањето на насилството во иницијалното образование на наставниците. Со тоа, примарно ќе се влијае и врз развојот на областите на фокус за превенција од насилството кои играат важна улога во одлучувањето како да се одговори на насилната ситуација и се важни вештини неопходни за академски и социјален успех: „(1) самосвест, (2) самоуправување, (3) социјална свест, (4) вештини за односи и (5) одговорно одлучување."[31]

30 More in: Mazzone A., Kollerová L. & O'Higgins Norman J., Teachers' Attitudes Toward Bullying: What Do We Know, and Where Do We Go from Here? In: In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons, p. 148- 150

31 More in: Bradshaw P. C. & Waasdorp T. E. (2019). *Preventing Bullying in Schools- A Social and Emotional Approach to Early Intervention, W. W. Norton & Company*, p. 32-36

# 2

# 2. КОНТЕКСТУАЛИЗАЦИЈА НА НАСИЛСТВОТО

Насилството меѓу луѓето влијае врз животите на милиони деца ширум светот. Се смета дека 50% од сите деца во перидот од 2 до 17 години биле жртва на некој вид насилство (физичко, сексуално или емоционално злоставување). Искуствата со насилство, особено во детството, можат да му наштетат на физичкото и менталното здравје на децата и да влијаат на нивниот цел живот, што се одразува на нивното образование, здравје и благосостојба, до академски слаби постигнувања поради когнитивните, емоционалните и социјалните проблеми[32].

Училиштата се во ситуации и состојби кои треба да се занимаваат со насилството врз децата и да го спречуваат. Не само што училиштата се одговорни да обезбедат сигурна и безбедна средина туку треба и многу активно да учествуваат во вклучување на заедницата за прашањата поврзани со насилство. Тоа може да вклучува насилство кое се случува во училиштето, но и насилство кое се појавува во домот и заедницата.

Токму поради тоа, спречувањето на насилство врз децата е дел од меѓународниот план за развој. Целите на Организацијата на обединети нации[33] за одржлив развој (цел 4), (цел 5) и цел (16) повикуваат на отстранување на сите форми на насилство; обезбедување инклузивно, правично и квалитетно образование и поттикнување на доживотното учење за сите; постигнување родова еднаквост; поттикнување мирни и инклузивни општества за одржлив развој, обезбедување пристап до правда за сите и градење ефективни, одговорни и инклузивни институции на сите нивоа, како и ненасилна средина за учење на сите.

Државите треба да вложуваат напори за постигнување на овие цели. Училиштата се сметаат како важна средина за вложување најмногу напори за спречување насилство. Оттука, од почетокот на 2019 г., со поддршка на повеќе организации, Глобалното партнерство за запирање на насилството над децата покрена иницијатива т.н. „*Сигурно учење*", која особено се фокусира на запирање на насилството над децата во училиштата. Целта е образованието да биде силна заштита од насилството; да се формираат ставови и норми за неприфатливоста на насилството, употребата на дрога и алкохол, носење оружје во училиштето и други ризици.

Од друга страна, спречувањето насилство во поширокото општество може директно да се користи за основната цел на училиштето да воспитува и образува деца/ученици, да го негува доживотното учење и да ги охрабрува учениците да бидат одговорни граѓани на светот.

Секоја дефиниција за насилство врз децата тргнува од дефинирањето на детето. Согласно со Конвенцијата за правата на детето[34], (член 1) „дете е секое човечко суштество на возраст под осумнаесет години", освен ако законот што се однесува на детето, полнолетството не се стекнува порано.

Правата на децата се предмет на регулирање низа меѓународни и национални документи: конвенции, декларации, резолуции, закони, стратегии итн. Меѓу нив, секако, најважно место заземаат

32 Види повеќе во: *Sprečavanje nasilja u školi: praktični priručnik*. (2019). Ženeva: Svjetska zdravstvena organizacija, Licenca: CC BY-NC-SA 3.0 IGO. Преземено август 15, 2024 год.: https://mzom.gov.hr/UserDocsImages/dokumenti/StrucnaTijela/Nenasilje/Sprecavanje%20nasilja%20u%20skoli%20-%20prakticni%20prirucnik.pdf.

33 Обединети нации Северна Македонија, Преземено на 18 август 2024 год.: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs.

34 Конвенцијата за правата на детето е најстариот универзално прифатен инструмент за човекови права, ратификуван од секоја земја во светот, освен две. Конвенцијата го вклучува целиот спектар на човекови права - граѓански, политички, економски, социјални и културни права на децата, во еден единствен документ. Конвенцијата беше усвоена од Генералното собрание на ОН на 20 ноември 1989 година и стапи на сила во септември 1990 година. Конвенцијата во 41 член наведува да бидат почитувани и заштитени човековите права и за секое дете на возраст под осумнаесет години.

Декларацијата за правата на детето и Конвенцијата за правата на детето на ООН.

Република Македонија ја ратификува Конвенцијата во 1993 година, со што таа стана составен дел од внатрешниот правен поредок. Според Конвенцијата за правата на детето, во член 28 и 29 е наведено: „Секое дете има право на образование. Образованието треба да биде насочено кон развој на личноста, талентите и способностите на детето, почитување на човековите права и основните слободи, одговорен живот во слободно општество во духот на мир, пријателство, разбирање, толеранција и еднаквост, развој на почитувањето на природната средина. Училишната дисциплина да се спроведува на начин што е во согласност со достоинството на детето".

Со ратификувањето на Конвенцијата за правата на детето, државата ги презема сите законски, административни, социјални и образовни мерки за заштита на детето од:

- сите форми на физичко или ментално насилство, повреда, злоупотреба, занемарување, малтретирање или експлоатација (член 19);
- сите форми на сексуална злоупотреба и експлоатација (член 34);
- сите други форми на експлоатација штетни за детето (член 36);
- нехумани и понижувачки постапки и казни (член 37).

Конвенцијата се повикува на четири клучни принципи: 1)принципот на недискриминација;

2) почитување на најдобриот интерес на детето; 3) правото на живот, опстанок и развој;

4)почитување на ставовите на детето.

Во Уставот[35] на Република Северна Македонија во делот за Основните слободи и права на човекот и граѓанинот во член 11 е нагласено дека: „физичкиот и моралниот интегритет на човекот се неприкосновени. Се забранува секој облик на мачење, нечовечко или понижувачко однесување и казнување".

Државата има донесено Закон за правда за деца[36] преку кој децата треба да бидат заштитени од криминал, насилство и од кој било облик на загрозување на нивните слободи и права и нивниот правилен развој. Исто така се уредуваат мерките за заштита на децата жртви на дејствија, кои со закон се предвидени како кривични дела, како и на децата сведоци, и мерките за превенција на детско престапништво.

Дете жртва е секое дете на возраст до 18 години кое претрпело штета, вклучувајќи физичка или ментална повреда, емотивно страдање, материјална загуба или друга повреда или загрозување на правата и интересите, како последица на сторено дејствие со закон предвидено како кривично дело[37].

Дете во ризик е секое дете кое наполнило седум, а не наполнило 18 години - со телесна попреченост или пречки во менталниот развој, жртва на насилство, воспитно и социјално запуштено, кое се наоѓа во таква состојба во која е отежнато или е оневозможено остварувањето на воспитната функција на родителите или родителот, односно старателите или старателотот, кое не е вклучено во системот на образованието и воспитувањето, вовлечено во питање, скитање или проституција, кое употребува дроги и други психотропни супстанции и прекурзори или алкохол, а кое поради ваквите состојби е или може да дојде во допир со закон како жртва или како сведок на дејствие кое со закон е предвидено како прекршок или дејствие кое со закон е предвидено како кривично дело[38].

35 *Устав на Република Северна Македонија*, Преземено на 29 август 2024 год.: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

36 Закон за правда за децата („Службен весник на РМ" бр.148/13, и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19 и бр. 275/12)

37 Кошевалиска,О., Нанев, Л., Малолетничко казнено право, Штип, 2018 : Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Достапно на: (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. (4.9.2024)

38 Кошевалиска,О., Нанев, Л., Малолетничко казнено право, Штип, 2018 : Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, Достапно на: (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. (4.9.2024)

Во Законот за основно образование[39] е посочено дека „во основното воспитание и образование се забранува секоја директна или индиректна дискриминација, повикување и поттикнување на дискриминација и помагање во дискриминаторско постапување по основ на пол, раса, боја на кожа, национално или етничко потекло, попреченост, род, сексуална ориентација, родов идентитет, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, други видови уверувања, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба и општествен статус или која било друга основа која е предвидена со закон или со меѓународен договор ратификуван согласно со Уставот на Република Северна Македонија во остварување на правата од основното образование".

Новата Концепција[40] за Основно образование од 2021 година, се потпира на инклузивноста, родовата сензитивност/рамноправност и интеркултурноста како клучни принципи и е директно поврзана со Националните стандарди за основно образование што ги даваат насоките кон кои треба да се стреми целокупната организација и реализација на воспитно-образовниот процес во основните училишта.

Оттука, фокусот на Концепцијата е токму преку инклузивноста, родовата рамноправност и интеркултурноста да бидат основна претпоставка за остварување на правото на децата на образование и создавање училишна клима во која сите ученици се чувствуваат прифатени и поддржани, да се намалуваат родовите стереотипи, дискриминација и насилство, да се надминува пасивниот соживот меѓу различните етнички и религиски заедници

Националната стратегија за спречување на насилството во училиштата (2012-2015) го воспоставува патоказот за создавање безбедна и здрава училишна средина која е неопходна за психо-социјалниот и емоционалниот развој на сите ученици, средина која е неопходна за учениците да го постигнат својот целосен потенцијал. Целта на стратегијата е да се обезбедат вистинските услови за спречување на сите видови насилство во училиштата преку создавање топла и стимулативна училишна средина и промовирање толеранција во училиштата.

Од наведено се гледа дека државата посветува голем дел од својата легислатива на третман на насилството. Овде го истакнуваме значењето на Упатството изработено врз основа на Законот за основното образование кое ги операционализира можните решенија за постапување на институцијата училиште и сите вработени во училиштето, во училишен контекст. Така, изработеното Упатство[41] предвидува обврска на основните училишта да постапуваат во случаите на насилство над ученици/ученички, да преземаат мерки за заштита на учениците жртви на насилство и да спроведуваат активности за превенција од насилство. Со оглед на тоа што превенцијата и заштитата од насилство над деца бара мултисекторски пристап и соработка меѓу релевантни сектори, како здравство, образование, социјална заштита, полиција и здруженија на граѓани, упатството посочува дека сите овие сектори имаат еднаква одговорност и треба активно да спроведуваат мерки за заштита и превенција од насилство.

Училиштето е должно континуирано да работи на едукација и подигање на свеста кај учениците во врска со спречување насилство. Треба да се има предвид дека насилството е комплексен проблем кој може да се намали преку подигање на свеста и промена на вредностите и ставовите за различностите, човековите права, родовата еднаквост, ненасилна комуникација, развивање емпатија и почитување на интегритетот и достоинството на другите.

Упатството кое е наменето и за учениците/ученичките, родителите/старателите, членовите на телата на училиштето, претставниците на останатите институции вклучени во системот на превенција и

---

39 Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/19 и 229/20). Преземено на 11.9.2024 год: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf

40 Концепција за основно образование. Министерство за образование и наука, март 2021. решение бр. 08-3980/1 од 3.3.2021

41 Упатство за постапката за пријавување ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука (Член 66 став 2 од Законот за основно образование *„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019*), Преземено на 11 август 2024 год.: https://mon.gov.mk/content/?id=3288

заштита има три главни цели:

1. ја уредува постапката за пријавување и заштита на учениците жртви;
2. ги уредува мерките и активностите што ги преземаат основните училишта во случаите на насилство над ученик и мерките за промена на однесувањето на сторителот;
3. ги уредува мерките и активностите за превенција од насилство и соработката со другите институции.

Упатството треба да се применува секогаш кога насилството се случува во училиштето и/или кога вработените во училиштето имаат сознанија или сомнеж дека ученик бил или е жртва на насилство на кое било место, а притоа насилството не се разрешило или, пак, ученикот поради насилството трпи негативни последици врз здравјето и развојот.

Оттука, почитувањето на фундаменталните принципи врз кои е поставено упатството ќе придонесе за успешно справување и третман на насилството. Станува збор за следниве принципи: најдобар интерес на детето; почитување на различностите и забрана на дискриминација; почитување на правото на самоопределување; учество; приватност; доверливост; жртвата не е виновна; пропорционалност; информираност; стручност и одговорност; должно внимание и забрана за непотизам и корупција.

Од Упатството може да се открие намерата на државата да промовира училишни активности поврзани со насилството, се нудат насоки за наставниците со кои тие треба да го промовираат упатството на учениците и нивните родители, а му се даваат задолжителни насоки на училиштето за преземање институционални активности во истата насока.[42]

Корисно за секој универзитетски наставник кој ќе преземе чекори за иновирање на предметната програма во насока на проучување и студирање на насилството, да ги има предвид практичните примери дадени во упатството, категоризирани во три нивоа. (Види во табелите бр. 1, 2 и 3)

*Табела бр. 1 Категоризација на насилството на прво ниво*

| **Прво ниво - Категоризација на насилство** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| • Удирање чврги,<br>• Туркање,<br>• Штипење,<br>• Гребење,<br>• Кубење,<br>• Гризење,<br>• Сопнување,<br>• Клоцање,<br>• Валкање,<br>• Уништување предмети. | • Исмевање,<br>• Омаловажување<br>• Озборување<br>• Навредување<br>• Именување со погрдни имиња,<br>• Пцуење,<br>• Имитирање<br>• „Прозивање". | • Дофрлање,<br>• Потсмевање,<br>• Игнорирање, | • Дофрлање,<br>• Пцуење,<br>• Негативни коментари,<br>• Гестикулации со сексуална алузија. | • Повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>• Вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>• Вознемирувачки пораки на социјални мрежи итн. |

42 Види повеќе: Упатство за постапката за пријавување на ученик жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерство за образование и наука (Член 66 став 2 од Законот за основно образование *„Службен весник на Република Северна Македонија" бр.161/2019*), Преземено на 11 август 2024 год.: https://mon.gov.mk/content/?id=3288

*Табела бр. 2 Категоризација на насилството на второ ниво*

| Второ ниво - Категоризација на насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| • Шлаканици,<br>• Удирање,<br>• Газење,<br>• Кинење облека,<br>• Затворање,<br>• Плукање,<br>• Одземање и уништување сопственост. | • Уценување,<br>• Закани,<br>• Неправедно казнување,<br>• Етикетирање,<br>• Забрана за комуницирање,<br>• Исклучување,<br>• Отфрлање,<br>• Манипулирање. | • Сплеткарење,<br>• Игнорирање,<br>• Отфрлање,<br>• Невклучување,<br>• Неприфаќање,<br>• Манипулирање,<br>• Експлоатација,<br>• Исклучување од групата врз дискриминаторска основа,<br>• Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | • Сексуално допирање,<br>• Покажување порнографски материјал,<br>• Покажување на интимните делови на телото,<br>• Соблекување. | • Огласи,<br>• Клипови,<br>• Блогови,<br>• Злоупотреба на форуми и четувања,<br>• Сексуално насилство во видеоигри,<br>• Снимање со камера насилни сцени,<br>• Дистрибуирање приватни снимки без согласност. |

*Табела бр. 3 Категоризација на насилството на трето ниво*

| Трето ниво - Категоризација на насилство | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| • Тепачка, давење,<br>• Фрлања кои резултираат со сериозни физички последици/укажана помош од лекар,<br>• Напад со палка, нож, оружје, кој може да има фатален исход,<br>• Предизвикување изгореници,<br>• Забрана на храна и спиење,<br>• Изложување на ниски температури. | • Застрашување со уцена,<br>• Рекетирање,<br>• Ограничување движење,<br>• Наведување за користење психоактивни супстанци (легални или нелегални),<br>• Вклучување во секти,<br>• Занемарување. | • Сериозни закани за животот,<br>• Изживување група над поединец/ група,<br>• Дискриминација,<br>• Организирање затворени групи (кланови),<br>• Навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | • Заведување од страна на возрасни,<br>• Подведување,<br>• Злоупотреба на моќта,<br>• Наведување,<br>• Изнудување и принудување сексуална активност,<br>• Силување,<br>• Полов напад врз дете кое навршило 14 години,<br>• Задоволување полови нагони пред друг,<br>• Обљуба со злоупотреба на положбата. | • Дистрибуирање или објавување приватни снимки и слики без согласност,<br>• Снимање вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>• Прикажување порнографски материјал,<br>• Производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

## За професионалните компетенции на наставниците во однос на насилството

Дискусиите за неопходните компетенции потребни за реализација на наставничката професија често се водени од емоции, секогаш се плодни, понекогаш провокативни и не ретко спротиставени. Сепак, педагошката наука, водејќи се од потребата за професионализација на наставничката професија, направила обид научните сознанија од повеќе научни дисциплини и искуствата од мноштво образовни системи да ги синтетизира и да создаде рамка на професионални компетенции на наставниците. Смислата на таа рамка на професионални компетенции на наставниците е да се унапреди квалитетот на учењето и резултатите од учење на учениците, комуникацијата со и помеѓу учениците, успешност во реализација на курикулумот, промоција на вредностите на училиштето, соработката со родителите и сл. Покрај тоа дефинирањето на професионалните компетенции на наставниците влијае позитивно

врз:„Изготвување стандард за стручна квалификациија за наставник; Усогласување на додипломското образование со потребните компетенции на наставниците; Планирање на приправничкиот стаж и менторската поддршка; Редефинирањето на содржината и начинот на полагање на стручниот испит; Планирање на професионалниот развој, како личен, така и на ниво на училиште, регион, држава; Поставување стандарди за повисоките звања за наставници (наставник ментор и наставник советник); Изготвување процедури и инструменти за следење на работата на наставниците и давање стручна поддршка; Изготвување каталози на компетенции за одделни наставници (на пр. воспитувач во предучилишна установа, одделенски наставник, предметен наставник, наставник по стручен предмет или дури и за наставници по одделни предмети); Подобрување на законската регулатива и актите кои се однесуваат на професијата наставник“[43]

„Денес се повеќе се зборува, а почнува и да функционира системот за наставнички компетенции и стандарди за наставничката професија како чин на потврда на професијата“[44] Македонскиот образовен систем се определил за категоризација на професионалните компетенции на наставниците со нивно структурирање во шест подрачја на компетенции:

- „Знаење за наставниот предмет и за воспитно-образовниот систем;
    - Знаење за наставниот предмет
    - Знаење за воспитно-образовниот систем
- Поучување и учење;
    - Планирање и подготовка на наставата;
    - Реализација на наставата;
    - Оценување на учениците;
    - Познавање на учениците и излегување пресрет на нивните потреби;
- Создавање стимулативна средина за учење;
    - Создавање безбедна и стимулативна средина за учење;
    - Училишна клима;
- Социјална и образовна инклузија;
- Комуникација и соработка со семејството и заедницата;
- Професионален развој и професионална соработка.
    - Професионален развој;
    - Професионална соработка.“[45]

Како што може да се види, во дел од подрачјата постојат и потподрачја на компетенции со кои се специфицира и конкретизира секое од подрачјата на наставнички компетенции, а секое од нив е изразено преку соодветно развиени и дефинирани: професионални знаења и разбирања; професионални способности и вештини и индикатори за основните професионални компетенции.[46] Ваквиот пристап ги операционализира компетенциите, ги прави подложни на проверка, мерење

43 Предлог-каталог на основни професионални компетенции на наставниците, (2013) Проект за професионален и кариерен развој на наставниците, Проектот е спроведен од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во партнерство со Бирото за развој на образованието и Фондацијата за образовни и културни иницијативи „Чекор по чекор“, Преземено на 19 август 2024 год. од: https://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2014/01/Predlog_Katalog-na-osnovnite-profesionalni-kompetencii-za-nastavnici.pdf

44 Илиев Д. (2021). *Дидактика за родители*, Кочани: Европа 92, стр. 220

45 *Основни професионални компетенции и стандарди на наставниците,* (2016). Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Преземено на 19 звгуст 2024 год. од: https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_nastavnici_MK.pdf

46 Види повеќе во: *Основни професионални компетенции и стандарди на наставниците*, (2016). Македонски центар за граѓанско образование (МЦГО), Преземено на 19 август 2024 год. од: https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_nastavnici_MK.pdf

и валидација и секако, создава мотиви, предуслови и активности за професионален развој на наставниците.

Предизвикот да се поучува за насилството во сите негови појавни облици и негов интензитет ги става на испит професионалните компетенции на наставниците. Имено, тоа бара мобилизирање на сите стручни и професионални потенцијали на наставникот на соодветен, навремен и холистички начин со што би се намалила појавата и влијанието на насилството меѓу учениците. Токму поради ова универзитетските професори на наставничките факултети е потребно да се фокусираат на развој на секое подрачје на компетенции поврзани со насилството при реализација на наставните програми. Научната дисциплина што наставникот ја реализира во студиската програма треба да се поврзе со некоја од димензиите на насилството. „Покривањето" на секое од подрачјата на компетенции во една студиска програма за наставници би значел сеопфатен, координиран, научен и решителен чекор во борбата со насилството. Така, идните наставници уште во текот на нивното иницијално образование ќе бидат подготвени за работа со своите ученици за развој на нивните когнитивни, афективни и психомоторни знаења, вештини и ставови поврзани со насилството.

# 3

# 3. ТАКСОНОМИИТЕ НА ЦЕЛИ И ПРОУЧУВАЊЕТО НА НАСИЛСТВОТО

Идејата за создавање на таксономиите на цели направила револуција во поучувањето и учењето. Со тоа, не само што се надминале традиционалните пристапи во дефинирањето и односот кон целите кои дотогаш постоеле и се практикувале туку и се создале предуслови за успешна и соодветна применливост, видливост, мерливост и критика. За жал, голем дел од нашите наставници поради несоодветната дефинираност на целите во курикулумот, должината на работниот век, слабата вклученост во процесите на личен професионален развој, сиромашна понуда на обуки поврзани со таксонимиите, богато искуство градено врз традиционални вредности во поучувањето и учењето, постоење инертност во однос на иновациите и промените во образованието, сè уште применуваат цели на учење врз основа на активноста на наставникот, врз основа на содржината и сл.[47] На тој начин секоја од етапите на наставата (планирање, подготовка, реализација, мониторинг и евалуација и рефлексија) често поминува низ методолошка и дидактичко-методичка недоследност, извесен степен на импровизација, повремени ад хок решенија кои создаваат незадоволство кај учениците и нивните родители, ненавремена, некомплетна и несоодветна повратна информација за процесот на напредување, погрешна перцепција на резултатите на наставникот и непрецизни индикатори за реализација на курикулумот.

Поради овие причини и многу други, и поради фактот што насилството заслужува посебно внимание и третман во сите етапи од развојот на наставникот (иницијално, перманентно образование и доживотно учење), вредни за споменување се таксономиите на цели чија примена во образованието на наставниците отвора нови видици во процесот на поучување, учење и студирање за прашањата поврзани со насилството и сите негови димензии.

Таксономиите[48] на Блум[49], Андерсон и Кратвол[50], Де Блок[51], Марзано, Чрчис[52] и др. нудат можност универзитетскиот наставник да ја збогати својата работа, да открие нови светови заедно со студентите и да ги развие и унапреди нивните компетенции за справување со насилството. Во оваа прилика ќе се повикаме на дидактичкиот принцип од познато кон непознато и на соодветен начин ќе се обидеме преку кратка елаборација на Блиумовата таксонимија да се задржиме на таксономијата на Марзано, врз чија основа ќе ги развиваме предметните програми во наставните програми на наставничките факултети во однос на насилството.

## За Блумоваша шаксономија

Благодети од користењето на веќе „добро" познатата **Блумова таксономија** почнаа први да гледаат оние креативни, отворени и успешни наставници кои на почетокот со свои лични интерпретации и адаптации, сега „за среќа" збогатени со искуство и други научни сознанија ги реализираат процесите на учење, поучување и студирање. Добро познатите хиерархиски подредени шест категории на цели

47 Види повеќе во: Кларин М. В. (1995). *Педагошката технологија во наставниот процес*, Скопје: Педагошки завод на Македонија

48 Повеќе во: Илиев Д. (2021). *Дидактика за родители*, Кочани: Европа 92, стр. 109- 121

49 Bloom B. (1956). *Taxonomy of Educational Objectives, The Classification of Handbook I: Cognitive Domain (Ed.),* Longman, стр. 12

50 Anderson, L.W. & Krathwohl, D.R. (Eds.) (2001). *A taxonomy for Learning, teaching, and assessing: Arevision of Bloom's taxonomy of educational objectives.* New York: Addison Wesley Longman. Retrieved October 28, 2009, from http://www.transitionmathproject.org/partners/wcp/doc/bloom.pdf

51 Андреев М. (1996) *Процесът на обучението*, София: Университетско издателство, стр. 65

52 DanielaL., Smart Pedagogy for Technology-Enhanced Learning, In:DanielaL., (2019). (Ed.) *Didactics of Smart Pedagogy Smart Pedagogy for Technology Enhanced Learning*, Springer, стр. 3, 4

во Блумовата таксономија, знаење, разбирање, примена, анализа, синтеза и евалуација, нивните поткатегории и глаголите со кои се дефинираат резултатите од учењето, станаа блиски за поголем број наставници. Секоја погорна категорија ја содржи пониската категорија, така што како што се оди кон врвот, се постигнува поголем степен на когнитивен развој на учениците. Категоријата *знаење* подразбира запамтување и репродукција на одредени содржини. Категоријата *разбирање* значи поседување способност за интерпретација на знаењето со свои зборови и од различни аспекти. Категоријата *примена* значи способност за користење на знаењата и нивната интерпретација во конкретни услови. При *анализата* ученикот ја иситнува содржината на составни делови и ги проучува нив. Целите во категоријата *синтеза* обезбедуваат квалитет на когнитивниот развој на учениците кој се еднакви со творечкото и продуктивното мислење, додека *евалуацијата или оценувањето* ја одразува ментална зрелост на учениците да просудуваат, критикуваат и носат одлуки и заклучоци.

Во продолжение да се потсетиме за глаголите кои за секоја категорија за цели се дадени од страна на Блум Б., а се од корист при дефинирањето на резултатите од учење/студирање и евалуација на постигнувањата на студентите и степенот на постигнување на очекуваните резултати. (Види Табела бр. 4)

*Табела бр. 4 Глаголи за дефинирање на резултатите од учењето во Блумовата таксономија*[53]

| Категорија | Глаголи | Суштина |
|---|---|---|
| **Знаење** | Цитира, знае, именува, идентификува, препознава, дефинира, опишува, покажува, набројува, наведува, табелира и др. | Усвојување информации и факти и повикување на тие информации (датуми, закони, дефиниции, категории, теории, принципи...) |
| **Разбирање** | Разликува, опишува, споредува, дискутира, дополнува, интерпретира, заклучува, асоцира, проширува, предвидува, сортира и др. | Промена во комуникацијата изразена преку користење изменет облик и форма на повратната информација. |
| **Примена** | илустрира, пресметува, покажува, класифицира, демонстрира, истражува, менува,открива, поврзува, експериментира и др. | Способност за користење на информациите во практични реални познати, но и непознати ситуации, поставување проблеми и нивно решавање. |
| **Анализа** | Анализира, подредува, поврзува, објаснува, нагласува, раздвојува, средува, заклучува и др. | Разложување на знаењата, елементите и структурите на нивните составни делови и продлабочено проучување на квалитетот и квантитетот на односите меѓу нив. |
| **Синтеза** | Интегрира, креира,заменува, изостава, комбинира, создава, реформулира, генерализира, компонира, твори, организира и др. | Генерализирање врз основа на фактите, Создавање нови знаења, збогатување на системот од знаења, вкрстување знаење од различни области. |
| **Евалуација** | Заклучува, одлучува, проверува, мери, дискриминира, препорачува, споредува, рангира, следи, спротиставува, објаснува, критикува, аргументира, поддржува и др. | Носење одлука за одредени решенија, трудови, методи, проверување теориски вредности, свесност за субјективното и објективното и др. |

## *Таксономија на афективното подрачје*

Сметавме дека за социо-емоционалните прашања и афективната зрелост на студентите потребно е да отвориме кратка, но суштинска дискусија во однос на **таксономијата на Кратвол Д.** Тоа може многу да им помогне на универзитетските наставници кои, покрај таксономиите на цели доминантно фокусирани на когнитивниот развој на студентот во однос на насилството, имаат намера во процесите на студирање на научната дисциплина, се обидуваат да развијат и одредени социо-емционални компетенции и да произведат повисоко ниво на афективна зрелост на студентите во однос на насилството. Заради тоа овде ги econ поместуваме основите на таксономијата на Кратвол Д. (1964) во која

53 Преземено и адаптирано од: Bloom B. (1956). *Taxonomy of Educational Objectives, The Classification of Handbook I: Cognitive Domain (Ed.),* Longman, стр. 12

по принципот на хиерархија се подредени целите во следните категории:

- **Перцепцијата,** како основна и најниска категорија се однесува на способноста на студентот за примање дразба од надворешноста. Тоа вклучува: подготвеност и отвореност на студентот за прием на дразби преку сите сетила и способност за насочување на вниманието при примањето на дразбата.
- **Способноста на студентот за реакција** (реагирање) на дадената дразба е следната категорија. Овие цели го насочуваат процесот на учење, студирање и поучување кон активноста на студентот во поглед на подготвеноста за реагирање, волјата да се одговори, начинот да се одговори, свесноста во одговарањето и др.
- **Усвојувањето на вредносните ориентации** ги вклучува дејствијата на индивидуата во насока на правење извесна анализа на дразбите и реакциите. Тоа би значело интернализација на ниво на давање предност, структурирање и извесна убеденост на ученикот во постојните вредности.
- Во категоријата **организација на вредносните ориентации** студентот е во фаза на преиспитување и реорганизирање и дефинирање на вредносните ориентации и пронаоѓање извесни нивни недоследности со што ученикот би бил убеден во нивната вредност. Примери за достигнување во оваа категорија се: ги сфаќа своите способности, прифаќа одговорност и др.
- Студентот во категоријата **ширење вредносни ориентации** ги има во целост интернализирано (усвоено) начините на сопственото однесување и свесно ги применува во текот на своето однесување. Тоа се изразува преку соработка при групната работа, создава аргументи за одбрана на сопствените ставови и др.[54]

*Табела бр. 5 Глаголи за дефинирање на резултатите од учење во таксономијата на афективни цели*[55]

| Категорија | Глаголи | Суштина и примери |
|---|---|---|
| **Перцепција** | прашува, избира, опишува, следи, дава, држи, идентификува, лоцира, именува, покажува, избира, седи исправено, одговара, користи и др. | Слушање дискусии за контроверзни прашања со отворен ум.<br>Почитување на правата на другите.<br>Слушање и запомнување на имињата на новопретставените луѓе. |
| **Способност на студентот за реакција** | одговара, помага, се усогласува, дискутира, поздравува, помага, етикетира, изведува, вежба, презентира, чита, рецитира, известува, избира, кажува, пишува и др. | Завршување на домашните задачи.<br>Учество во тимски активности за решавање проблеми.<br>Бара нови идеали, концепти, модели итн. за целосно да ги разбере. |
| **Усвојување на вредносните ориентации** | комплетира, опишува, разликува, објаснува, следи, формира, иницира, поканува, се придружува, оправдува, предлага, чита, известува, избира, споделува, проучува, работи и др. | Прифаќањето на идејата дека интегрираните наставни програми се добар начин за учење.<br>Учество во акција за дарување крв во кампусот.<br>Покажува верба во демократскиот процес.<br>Покажува способност за решавање проблеми.<br>Го информира раководството за работи за кои некој смета дека се важни. |

54 Илиев Д. (2007). *Дидактика* (Авторизирани предавања), Битола: Педагошки факултет-Битола, стр. 99, 100

55 *Learning Taxonomy – Krathwohl's Affective Domain*, Преземено и адаптирано на 10 август 2024 год.: https://global.indiana.edu/documents/Learning-Taxonomy-Affective.pdf

| | | |
|---|---|---|
| **Организација на вредносните ориентации** | се придржува, менува, средува, комбинира, споредува, комплетира, брани, објаснува, генерализира, идентификува, интегрира, модифицира, наредува, организира, подготвува, поврзува, синтетизира и др. | Препознавање на сопствените способности, ограничувања и вредности и развивање реални аспирации.<br>Ја прифаќа одговорноста за своето однесување.<br>Ја објаснува улогата на систематското планирање во решавањето на проблемите.<br>Прифаќа професионални етички стандарди.<br>Дава приоритет на ефективноста на времето за да ги задоволи потребите на организацијата, семејството и себеси. |
| **Ширење вредносни ориентации** | дејствува, дискриминира, прикажува, влијае, слуша, менува, изведува, практикува, предлага, квалификува, прашува, ревидира, служи, решава, користи, проверува и др. | Животниот стил на една личност влијае на реакциите на многу различни видови ситуации.<br>Покажува самодоверба кога работи самостојно.<br>Користи објективен пристап во решавањето на проблемите.<br>Секојдневно покажува професионална посветеност на етичката практика.<br>Ги ревидира пресудите и го менува однесувањето, земајќи ги предвид новите докази. |

## *За таксономијата на Марзано*

Универзитетските професори на наставничките факултети имаат привилегија секоја „новост“ во оваа сфера први да ја искусат и да ја применат. За таа цел, во оваа прилика во детали ќе ја елаборираме **таксономијата на Марзано** која отвора нови погледи кон поучувањето „генерално“, но и нови перспективи во проучувањето и поучувањето за насилството во високото образование.

За Кендал и Марзано, „...секој обид да се дизајнира таксономија заснована врз тешкотии на менталните процеси е осуден на неуспех, поради добро воспоставениот принцип во психологијата дека дури и најсложените процеси можат да се научат на ниво на кое се изведува со мал или воопшто несвесен напор...“[56]

Според двајцата автори „Тешкотијата на менталниот процес е функција на најмалку два фактора – наследената комплексност на процесот во однос на вклучените чекори и нивото на познавање што некој го има за самиот процес. Комплексноста на менталниот процес е непроменлива - бројот на чекори и нивната врска не се менуваат. Сепак, запознавањето со еден процес ќе се промени со текот на времето. Колку е попознат еден процес, толку побрзо се извршува и станува полесен.“[57]

Новата таксономија на Кендал и Марзано „...опишува само како човечките суштества одлучуваат дали да се вклучат во нова задача во одреден период на време, но исто така објаснуваат како се обработуваат информациите откако е донесена одлука за вклучување. Моделот претставува три ментални системи: Селф-системот (концепт на личност), метакогнитивниот систем и когнитивниот систем. Четвртата компонента на моделот е знаење.“[58] Објаснувањето дадено од нивна страна за овој модел е следно: „Во овој модел, новата задача е дефинирана како можност да се промени она што секој го прави или го посетува во одредено време. На пример, да претпоставиме дека ученикот е на час по природни науки, сонувајќи (замислувајќи) за претстојната социјална активност по училиштето, а енергијата и вниманието се насочени кон социјалната активност. Меѓутоа, ако наставникот побара од ученикот да обрне внимание на некои нови информации што се презентираат за науката, тој или таа ќе се соочи со одлука за нова задача. Донесената одлука и последователните активности ќе бидат утврдени со интеракцијата на селф-системот на ученикот, метакогнитивните и когнитивните

56 Marzano R. J. and Kendall. John S., (2007). *The new taxonomy of educational objectives* (2nd ed.), Corwin Press, стр. 10

57 Marzano R. J. and Kendall. John S., (2007). *The new taxonomy of educational objectives* (2nd ed.), Corwin Press, стр. 10, 11

58 Ibid, стр. 11

системи, како и неговото или нејзиното знаење. Поточно, најпрво е опфатен селф-системот, потоа метакогнитивниот систем и, на крај, когнитивниот систем. Сите три системи користат складирање на знаење од страна на ученикот."[59]

Селф-системот содржи „ ...мрежа на меѓусебно поврзани верувања и цели", односно е „главен детерминатор во мотивацијата што ја носи задачата". Доколку некоја задача е селектирана и одбрана, се ангажира метакогнитивниот систем кој ги поставува целите во однос на новата задача, дизајнира стратегии за реализација на поставената цел веднаш откако целта ќе биде поставена, останувајќи активен и во интеракција со когнитивниот систем. „Когнитивниот систем е одговорен за ефикасна обработка на информациите што се неопходни за завршување на задачата. Одговорен е за аналитички операции, како што е донесување заклучок, споредување, класификација и слично." Според истите автори „...во однос на секоја нова задача, успехот најмногу зависи од количината на знаење што индивидуата го има за таа задача."[60]

Токму горенаведеното е во основата на создавање на т.н. Нова таксономија. Новата таксономија содржи три димензии: *димензии на знаењето*, *димензии на менталните процедури*, *димензии на психомоторните процедури*.

***Димензиите на знаењето*** може да се организираат во три широки области: информации, ментални процедури и психомоторни процедури.

*Табела бр. 6 Компоненти на трите димензии на знаењето*[61]

| | | |
|---|---|---|
| Информации | Организирање на идеите | Принципи<br>Генерализации |
| | Детали | Временски секвенци<br>Факти<br>Поими |
| Ментални процедури | Процеси | Макропроцедури |
| | Способности | Тактики<br>Алгоритми<br>Поединечни правила |
| Психомоторни процедури | Процеси | Комбинација на сложени процедури |
| | Способности | Комбинација на сложени процедури<br>Основни процедури |

Според Марзано и Кендал „доменот на информации понекогаш се нарекува декларативно знаење и има хиерархиска структура само по себе. На дното на информативната хиерархија се поимите. Поимот е збор или фраза за која ученикот има точно, но не и неопходно длабоко ниво на разбирање."[62] „На ниво над поимите се фактите. Фактите содржат информации за специфични лица, места, работи и настани...", а „ ...на врвот на хиерархијата се поопштите структури, како што се генерализациите и принципите."[63]

---

59 Ibid, стр. 12

60 Повеќе во: Marzano R. J. and Kendall. John S., (2007). *The new taxonomy of educational objectives* (2nd ed.), Corwin Press, стр. 12

61 Преземено од: Marzano R. J. and Kendall. John S., (2008). *Designing and assessing educational objectives: applying the new taxonomy,* Corwin Press, стр. 15

62 Ibid, стр. 9

63 Ibid, стр. 11

***За менталните процедури*** Марзано и Кендал велат дека „...понекогаш се нарекуваат процесно знаење - се различни по форма и функција од информациите или декларативното знаење.

*Табела бр.7 Нивоа на менталните процедури*[64]

| | |
|---|---|
| Ниво 6 Селф-систем | |
| Ниво 5 Метакогнитивен систем | |
| Ниво 4 Користење знаење | Когнитивен систем |
| Ниво 3 Анализирање | Когнитивен систем |
| Ниво 2 Разбирање | Когнитивен систем |
| Ниво 1 Пребарување | Когнитивен систем |

Додека декларативното знаење може да се смета за „што“ на човековото знаење, процедуралното знаење може да се опише како „како-да“. Една важна карактеристика на процедуралното знаење е тоа што содржи информации. Информациите се вградени во доменот на менталните процедури и во доменот на психомоторните процедури. Процедуралното знаење обично започнува како декларативно знаење.“[65] Според авторите „На врвот на хиерархијата на менталните процедури се високоробусни процеси кои имаат разновидност на можни производи или исходи и вклучуваат реализација на многу меѓусебно поврзани потпроцедури. Технички, таквите операции се нарекуваат макропроцедури. Префиксот макро означува дека постапката е многу сложена, има многу поткомпоненти за кои е потребна некаква форма на управување. Овие процедури обично се нарекуваат тактики. Алгоритмите се ментални процедури кои вообичаено не варираат во примената штом еднаш се научат. Тие имаат многу специфични исходи и многу специфични чекори. Додавање и одземање на повеќе колони се илустрации на алгоритми. Алгоритмите мора да се научат на ниво на автоматичност да бидат корисни. Тактиките, алгоритмите и одделните правила можат да се научат до нивото на автоматизација или до ниво на малку свесна мисла. Макропроцедурите бараат контролирана реализација. Како збир, тактиките, алгоритмите и единствените правила ќе бидат наведени како вештини во Новата таксономија, додека макропроцедурите ќе бидат наведени како процеси.“[66] Треба да се знае дека„...наставниот фокус и намерата играат главни улоги во утврдувањето дали менталната постапка се смета за процес или вештина.“[67]

За Марзано и Кендал „...***психомоторниот домен*** е составен од физички процедури. Како што е случајот со другите два домена, психомоторниот домен може да се организира во хиерархија. На дното на психомоторната хиерархија се основните физички способности врз кои се развиваат посложени процедури. Овие вклучуваат целокупна рамнотежа на телото, брзина на движење на екстремитетите, рачна умешност и слично. Овие основни способности генерално се развиваат без формална инструкција. Навистина, човечките суштества ги извршуваат сите овие физички функции природно со одреден степен на самодоверба. Сепак, ова не значи дека овие основни вештини не можат да се подобрат со упатства и практики. На пример, со инструкции, рачната умешност на едно лице може да се подобри. Затоа, таа се квалификува како еден вид знаење по тоа што може да се подобри преку инструкции. За крај, сложените комбинирани процедури користат множества едноставни процедури за комбинација. Уште еднаш, наставниот фокус и намерата обично утврдуваат дали психомоторната постапка е класифицирана како едноставна постапка за комбинирање или комплексна комбинација.“[68]

64 Преземено од: Marzano R. J. and Kendall. John S., (2008). *Designing and assessing educational objectives: applying the new taxonomy,* Corwin Press, стр. 16

65 Повеќе во: Marzano R. J. and Kendall. John S., (2008). *Designing and assessing educational objectives: applying the new taxonomy,* Corwin Press, стр. 12

66 Ibid, стр. 13, 14

67 Ibid, стр. 14

68 Marzano R. J. and Kendall. John S., (2008). *Designing and assessing educational objectives: applying the new taxonomy,* Corwin Press, стр. 14, 15

Заради соодветна примена на таксономијата на Марзано при дефинирањето на резултатите од учење и степенот на реализација на предвидените резултати во продолжение за секоја категорија на цели ги поместуваме соодветните поими и фрази за дефинирање на резултатите од учење, кои можат да им бидат од корист на универзитетските наставници при креирањето на предметната програма со фокус на насилството.

*Табела бр. 8 Поими и фрази за дефинирање на резултатите од учење според таксономијата на Марзано*

| Ниво на таксономија: | Ментален процес | Поими и фрази |
|---|---|---|
| **Преземање: Вклучува потсетување на информации од трајната меморија** | **1. Препознавање** | Избира точно/неточно; утврдува дали следните изјави се вистинити; идентификува од список; се поистоветува; препознава; избира одговор од список/листа |
| | **2. Потсетување** | одговара; одговори кој, што, каде, кога прашања; дефинира; опишува; дава примери; етикетира; набројува; меморира; именува; се сеќава/потсетува; репродуцира; нагласува |
| | **3. Извршување** | додава; применува; пресметува; цитира; собира; составува/ прави компилација; завршува/ комплетира; декодира; демонстрира; поделува/дели; прави нацрт; уредува; вработува; извршува; собира; мери; идентификува; спроведува; информира; лоцира; прави;манипулира; мери; мултиплицира; управува; набљудува; реализира; квантифицира; чита; рецитира; известува; прераскажува; покажува/презентира; разрешува; нагласува; одзема; табелира; употребува/користи; пишува |
| **Разбирање: Бара идентификување на тоа што е важно и таа информација ја сместува во категории** | **4. Интегрирање** | одговара; артикулира; прашува; голема идеја; фаќа; разјаснува; комуницира; сфати; контекстуализира; пренесува; разграничува; опишува како или зошто; опишува делови од; опишува ефекти; опишува врска помеѓу; елабора; ги објаснува начините; изразува; информира; прави врски помеѓу; раскажува; се ориентира; парафразира; презентира; прашува; пребројува; повторува; сумира; преведува; разбира |
| | **5. Симболизирање** | одглуми; графикон; состави; концептуализира; конструира; прикажува; дијаграм; црта; изложува; илустрира; замислува; карта; модел; нагласува/потенцира; се преправа; произведува/ продуцира; снима; претставува; секвенционирање; покажува; симболизира; користи модели; визуелизира; пишува |
| **Анализа: Вклучува образложени проширувања на знаењето и дава заклучоци кои не биле директно научени при предавањето** | **6. Поврзување/совпаѓање** | асоцира; категоризира; споредува/контрастира; поврзува; корелира; создава аналогија или метафора; открива; разликува; дискриминира; разликува; испитува сличности и разлики; поврзува; совпаѓа; наоѓа врски помеѓу; подредува |
| | **7. Класифицирање** | организира; организира според; класифицира; комбинира; продлабочува; датотека; групира; идентификува поширока категорија; идентификува различни видови/категории; подобрува; инкорпорира; интегрира; воведува; со цел; организира; преградува/дели; рангира; подредува |
| | **8. Анализирање грешки** | оценува; проверува; разјаснува; критикува; разградува; деконтекстуализира; открива; дијагностицира; уредува; оценува; идентификува грешки или проблеми; идентификува прашања или недоразбирања; изменува/модифицира; рефлектира/ одразува; ревидира |
| | **9. Генерализирање** | постигнува; достигнува; применува; гради; состави; составува; поврзува; прави принцип; изведе; развива; смислува; пишува заклучоци; проширува; формира; генерализација или правило; генерализира; генерира; заклучува; иницира; интерпретира; објавува; го следи развојот на; кои заклучоци може да се извлечат; какви заклучоци може да се направат |
| | **10. Специфицирање** | заклучува; потврдува; критикува; извлекува заклучок; развива аргумент за; суди; оправдува; прави и брани; предвидува; се квалификува; наведува; под кои услови; што би требало да се случи |

| | | |
|---|---|---|
| **Користење на знаењето: Бара од студентите да го применат или користат знаењето во конкретни ситуации** | **11. Експериментирање** | врз основа на објаснувањето што може да се предвиди; тврди; претпоставува; разгледува; смислува; експериментира; истражува; формулира; генерира и тестира; како тоа може да се објасни ако; како би одределе дали; како би го тестирале тоа; поставува хипотеза; увид; измислува/креира; доказ; симулираат; тестира идеја; потврдува; што би се случило ако |
| | **12. Истражување** | расправа; составува/конструира; конструира аргумент; дебатира; издвојува аргумент; дознава за; како и зошто се случи ова; прашува; увид; истражува; докажува; испитува; пребарува; бара; проучува/студира; зазема став за; кои се различните карактеристики на; што ќе се случеше ако |
| | **13. Носење одлуки** | изберете алтернативи; одлучува за или против; утврдува; воспостави критериуми за; генерира; даде приоритет; прашува; достигнете ја вашата цел со; причина; препорачува; изберете ја најдобрата меѓу следните алтернативи; кој е најдобриот начин; кој меѓу следниве би бил најдобар; кое од овие е најпогодно; решенија за; воспостави критериуми за; заземете позиција за |
| | **14. Решавање проблеми** | приспособи; прилагоди; ревидира; предизвикува; дешифрира; заклучува; одреди начин да; развие стратегија за; да дознае начин да; генерира; како ќе ја достигне целта под овие услови; како би ги надминал/а; прави увид; измисли; измени; надминат; предвидува; причина; препорачува; разрешува; симулира; реши; надминува; тестира; трансформира |

Во продолжение се наоѓа табелата во која на практичен начин преку дидактичко-методички решенија е претставена таксономијата на Марзано која со адаптација, може да се користи при креирање на силабусот на предметната програма на наставниците на наставничките факултети.

*Табела бр. 9 Практични аспекти на примената на таксономијата на Марзано при учењето и студирањето за насилството*[69]

| Ниво на таксономија: | Ментален процес | Поими и фрази | Прашања | Резултати/ продукти |
|---|---|---|---|---|
| **Преземање: Вклучува потсетување на информации од трајната меморија** | **1. Препознавање** | Избира точно/неточно; утврдува дали следните изјави се вистинити; идентификува од список; се поистоветува; препознава; избира одговор од список/листа | Што е…?<br>Каде е…?<br>Како се случи ___?<br>Зошто…?<br>Кога се…?<br>Како би покажале...?<br>Кои беа главните...?<br>Кое…?<br>Како е…?<br>Се сеќавате ли…?<br>Можете ли да изберете…?<br>Можете ли да наведете три…?<br>Кој беше…?<br>Кога се случи ____? | Дефиниција<br>Опис<br>Факт<br>Пополнете го празното место<br>Истакнете<br>Обележете<br>Наведете<br>Поврзете<br>Изберете од повеќе<br>Погодете го зборот |
| | **2. Потсетувањеа** | одговара; одговори кој, што, каде, кога прашања; дефинира; опишува; дава примери; етикета; набројува; меморира; именува; се сеќава/потсетува; репродуцира; нагласува | | |
| | **3. Извршување** | додава; применува; пресметува; цитира; собира; составува/прави компилација; завршува/комплетира; декодира; демонстрира; поделува/дели; прави нацрт; уредува; вработува; извршува; собира; мери; идентификува; спроведува; информира; лоцира; прави; манипулира; мери; мултиплицира; управува; набљудува; реализира; квантифицира; цитира; чита; рецитира; известува; прераскажува; покажува/презентира; разрешува; нагласува; одзема; табелира; употребува/користи; пишува | | |

69 *Marzano Taxonomy – Terms and Phrases, Question Stems, Products*, Преземено и адаптирано на 12 септември 2024 год: https://coredocs.s3.amazonaws.com/documents/asset/uploaded_file/4132/PCPS/3395563/Marzano_s_Taxonomy_Terms__Phrases__Question_Stems__Products.pdf

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Разбирање: Бара идентификување на тоа што е важно и таа информација ја сместува во категории** | **4. Интегрирање** | одговара; артикулира; прашува; голема идеја; фаќа; разјаснува; комуницира; сфати; контекстуализира; пренесува; разграничува; опишува како или зошто; опишува делови од; опишува ефекти; опишува врска помеѓу; елабора; објасни ги начините во кои; изразуваат; информира; прави врски помеѓу; раскажува; се ориентира; парафразира; презентира; прашува; пребројува; го повторува; сумира; преведува; разбере | Како би објасниле…?<br>Како би опишале…?<br>Како би го класифицирале типот на…?<br>Како би споредувале/ контрастирале…?<br>Наведете или интерпретирајте ______ со свои зборови…?<br>Како ќе го преформулирате ова значење...?<br>Кои факти или идеи покажуваат...?<br>Која е главната идеја на…?<br>Кои изјави ги поддржуваат…?<br>Можете ли да објасните што се случува…?<br>Што се подразбира…?<br>Што можете да кажете за…?<br>Кој е најдобриот одговор...?<br>Како би резимирале…? | Дијаграм<br>Графички организатор<br>Илустрација<br>Запишување во дневник<br>Мисловни мапи<br>Отворен одговор<br>Преглед<br>Изведба<br>Слика<br>Рецитирање<br>Резиме<br>Времеплов<br>Твитер |
| | **5. Симболизирање** | одглуми; графикон; состави; концептуализира; конструира; прикажува; дијаграм; црта; изложува; графикон; илустрира; замислува; карта; модел; нагласува/потенцира; се преправа; произведува/продуцира; снима; претставува; секвенционирање; покажува; симболизира; користи модели; визуелизира; пишува | | |
| **Анализа: Вклучува образложени проширувања на знаењето и дава заклучоци кои не биле директно научени при предавањето** | **6. Поврзување/ совпаѓање** | асоцира; категоризира; споредува/ контрастира; поврзува; корелира; создава аналогија или метафора; открива; разликува; дискриминира; разликува; испитува сличности и разлики; поврзува; совпаѓа; наоѓа врски помеѓу; подредува | Дали се согласувате со постапките...?<br>Со исходот...?<br>Какво е вашето мислење за…?<br>Како би докажувале…?<br>Негира...?<br>Можете ли да ја процените вредноста или важноста на…?<br>Дали би било подобро ако…?<br>Зошто тие (ликот) избраа...?<br>Што би препорачале...?<br>Како би го оцениле…? | Објава на блог<br>Споредбена матрица<br>База на податоци<br>Дебата<br>Демонстрација<br>Мапа со двојни меурчиња<br>Есеј<br>Интервју<br>Запис во дневник<br>Медиумски производ<br>Преглед/ Критика<br>Отворен одговор<br>Презентација<br>Извештај |
| | **7. Класифицирање** | организира; организира според; класифицира; комбинира; продлабочува; датотека; групира; идентификува поширока категорија; идентификува различни видови/ категории; подобрува; инкорпорира; интегрира; воведува; со цел; организира; преградува/дели; рангира; подредува | | |
| | **8. Анализирање грешки** | оценува; проверува; разјаснува; критикува; разградува; деконтекстуализира; открива; дијагностицира; уредува; оценува; идентификува грешки или проблеми; идентификува прашања или недоразбирања; изменува/модифицира; рефлектира/одразува; ревидира | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **9.<br>Генерализирање** | постигнува; достигнува; применува; гради; состави; составува; поврзете се; направи принцип; изведе; развива; смисли; пишуваат заклучоци; проширува; формира; генерализација или правило; генерализира; генерира; заклучува; иницира; интерпретира; објавува; го следи развојот на; кои заклучоци може да се извлечат; какви заклучоци може да се направат | Што би цитирале за да ги одбраните вашите постапки...?<br>Како можеше да одредите…?<br>Каков избор би направиле...?<br>Како би ставиле приоритет на…?<br>Каков суд би донеле за…?<br>Врз основа на она што го знаете, како би објасниле…?<br>Кои информации би ги користеле за да го поддржите погледот…?<br>Како би го оправдале…?<br>Кои податоци се користени за да се донесе заклучок...?<br>Зошто е подобро тоа…?<br>Како би ги спoредиле идеите?<br>Како би ги спoредиле луѓето...? | Симулација<br>Говор/ Подкаст<br>Анкета<br>Венов дијаграм<br>Видео |
| | **10.<br>Специфицирање** | заклучува; потврдува; критикува; извлекува заклучок; развива аргумент за; суди; оправдува; прави и брани; предвидува; се квалификува; наведува;под кои услови; што би требало да се случи | | |
| **Користење на знаењето: Бара од студентите да го применат или користат знаењето во конкретни ситуации** | **11.<br>Експериментирање** | врз основа на објаснувањето што може да се предвиди; тврди; претпоставува; да се разгледа; смислува; експериментира; истражува; формулира; генерира и тестира; како тоа може да се објасни ако; како би одредиле дали; како би го тестирале тоа; поставува хипотеза; увид; измислува/ креира; доказ; симулираат; тестирајте ја идејата дека; потврдува; што би се случило ако | Дали се согласувате со постапките...?<br>Со исходот…?<br>Какво е вашето мислење за…?<br>Како би докажале…?<br>Побијте…?<br>Можете ли да ја процените вредноста или важноста на…?<br>Дали би било подобро ако…?<br>Зошто тие (ликот) изберете...?<br>Што би препорачале...?<br>Како би го оцениле…?<br>Што би цитирале за да ги одбраните вашите акции…?<br>Како можевте да одредите…? | Оглас/ Реклама<br>Објава на блог<br>Игра на табла<br>Дебата<br>Матрица за одлучување<br>Есеј<br>Илустрација<br>Интервју<br>Медиумски производ<br>Модел<br>Отворен одговор<br>Панел<br>Песна/ Поема<br>Презентација<br>План<br>Игра<br>Пријава<br>Кратка<br>приказна<br>Говор / подкаст |
| | **12.<br>Истражување** | расправа; составува/ конструира; конструира аргумент; дебатира; издвојува аргумент; дознава за; како и зошто се случи ова; прашува; увид; истражува; сонда; докажува; испитува; пребарува; бара; проучува/студира; зазема став за; кои се различните карактеристики на; што ќе се случеше ако... | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Каков избор би направиле...?<br>Како би поставиле приоритет…?<br>Каков суд би донеле за…?<br>Врз основа на она што го знаете, како ги објасниле...?<br>Кои информации би ги искористиле за поддршка на ставот…?<br>Како би го оправдале…?<br>Кои податоци се користени за да се направи заклучок...?<br>Зошто е подобро тоа…?<br>Како би ги споредиле идеите?<br>Како би ги споредиле луѓето...? | Демонстрација<br>Песна<br>Видео |
| | **13.<br>Носење одлуки** | изберете алтернативи; одлучува за или против; утврдува; воспостави критериуми за; генерира; даде приоритет; прашува; достигнете ја вашата цел со; причина; препорачува; изберете ја најдобрата меѓу следните алтернативи; кој е најдобриот начин; кој меѓу следниве би бил најдобар; кое од овие е најпогодно; решенија за; воспостави критериуми за; заземете позиција за | Какви промени би направиле за да решите…?<br>Како би се подобриле…?<br>Што би се случило ако…?<br>Можете ли да објасните која е причината…?<br>Можете ли да предложите алтернатива…?<br>Можете ли да измислите…?<br>Како би тестирале...?<br>Можете ли да формулирате теорија за…?<br>Можете ли да го предвидите исходот ако…?<br>Како би ги процениле резултатите за…?<br>Кои факти можете да ги соберете...?<br>На кој начин би дизајнирале…? | Истражување<br>Евалуација<br>Услуги за заедницата<br>Проект<br>Дебата<br>Заклучок<br>Видео/Филм/<br>Документарец<br>Кратка приказна<br>Оглас<br>Планирање<br>Видео/Табла<br>Игра<br>Панел<br>Песна<br>Медиумски производ<br>Илустрација<br>Убедлив говор<br>Мобилна апликација<br>Истражувачки извештај<br>Одлука |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **14. Решавање проблеми** | приспособат; прилагоди; ревидира; предизвикува; дешифрира; заклучува; одреди начин да; развие стратегија за; да дознае начин да; генерира; како ќе ја достигнете целта под овие услови; како би ги надминале; прави увид; измисли; измени; надминат; предвидува; причина; препорачува; разрешува; симулира; реши; надминува; тестира; трансформира | Како би можеле да ја промените (измените) заплетот (планот)...?<br>Што може да се направи за да се максимизира (минимизира)…?<br>Што може да се комбинира за да се подобри (промени)…?<br>Да претпоставиме дека можеш ______ што би направил...?<br>Можете ли да изградите модел кој би се променил...?<br>Можете ли да смислите оригинален начин за…? | |

# 4

# *4. НАСТАВНА МЕТОДОЛОГИЈА ЗА ПРОУЧУВАЊЕ НА НАСИЛСТВОТО*

Литературата, особено педагошката и онаа што се занимава со андрагошки прашања и прашања поврзани со универзитетската дидактика, користи голем број синоними кои се однесуваат на методологиите на поучување, учење и студирање. Така, неретко ќе се сретнете со поимите наставни стратегии, стратегии за учење и поучување, наставни техники, техники на поучување, инструкции во поучувањето и сл. Секако, кај некои автори има и некои варијации, но суштината е иста.

Во прирачникот ќе опишеме во кратки црти *некои од современите методологии на поучување, учење и студирање* кои со извесни креативни варијации и решенија можат да бидат користени при реализација на целите и доаѓање до резултатите од учењето во универзитетската настава во чиј фокус се аспектите на насилството и безбедната училишна средина.

Така, во **стратегиите со директни инструкции** (Direct instructional strategies) суштината е „... насоченост кон наставникот и се користат првенствено за пренесување информации или за предавање (поучување) со давање и следење чекори (процедури чекор-по-чекор).“[70]

Во **стратегиите со индиректни инструкции** (Indirect instructional strategies) суштината е„... се повеќе насочени кон студентите отколку директни наставни стратегии и вклучуваат техники како што се *дискусии* и *активно читање* и *пишување*.“[71]

**Искуствените стратегии** (Experiential strategies)„...се насочени кон студентите и се трансформативни. Овие активности ја формираат основата на многу техники кои се користат за поучување на часовите засновани на проекти. Тие вклучуваат стратегии како што се употреба на *групи за соработка*, *ресурси на заедницата*, *екскурзии* и *дебати*“...

**Стратегиите на независни студии/проучувања** (Independent study strategies) „...се дизајнирани да помогнат да се поттикне самоефикасноста и самодовербата. Постојат многу техники кои може да се сметаат за независни стратегии за студирање, вклучувајќи *пишување извештаи, водење дневник, одржување блог* и *работа на истражување*.“[72]

Во продолжение ќе издвоиме некои од т.н. наставни методологии кои сметаме дека се провокација за современиот универзитетски наставник. Секако, избраните наставни методологии овде ќе бидат изложени во нивната основна форма без намера да се навлегува во нивна длабока теориска елаборација што би ја надминало намената на овој прирачник. Во продолжение ќе стане збор за:

- Учењето засновано на компетенции/компетентност (Competency based learning);
- Мешано учење (Blended Learning);
- Учење засновано на проекти (Project Based Learning);
- Учење од колеги/ врсници (Peer learning);
- Конструктивистичко учење и поучување (Constructivist learning and teaching).

70 Krajcik S. J. & Czerniak M. C. (2018). *Teaching Science in Elementary and Middle School A Project-Based Learning Approach*- Fifth Edition, Routledge, стр. 204

71 Ibid

72 Krajcik S. J. & Czerniak M. C. (2018). *Teaching Science in Elementary and Middle School A Project-Based Learning Approach*- Fifth Edition, Routledge, стр. 204

## *Учење засновано на компетенции/компетентност*

Учењето засновано или фокусирано на развој на компетенции претставува еден од пристапите кои во голема мера ја определуваат наставната работа од дидактички аспект. Постојат различни дефиниции кои укажуваат дека станува збор за „...пристап кон образованието заснован на резултати каде што акцентот е на она што произлегува од постсредното образование - што дипломираните студенти знаат и можат да прават – во однос на она што е дефинирано со наставната програма" (Соарес, 2012). Таквото образование, засновано на компетенции, не започнува од идентификување на содржината на материјалот што треба да го научат учениците, туку започнува со идентификување на компетенциите, а потоа и на содржината што ќе го поддржат студентот во постигнување на тие компетенции. Притоа, студентите напредуваат кога ќе покажат владеење на компетентноста, која е дефинирана како „комбинација на вештини, способности и знаења потребни за извршување задача во специфичен контекст (Соарес, 2012)"[73] Со други зборови кажано, „учењето засновано на компетенции се карактеризира со флексибилно користење на времето што им овозможува на учениците да напредуваат со сопствено темпо и да напредуваат по демонстрацијата на мајсторство (Donohue, 2013)" [74].

За подобро да ја разбереме суштината на учењето засновано на компетентност ќе посочиме дека при таквото учење: „Студентите добиваат навремена, диференцирана поддршка врз основа на нивните индивидуални потреби за учење; напредуваат врз основа на докази за мајсторство (вештини), а не на времето за седење; учат активно користејќи различни патишта и различно темпо; стратегиите за обезбедување еднаквост за сите студенти се вградени во културата, структурата и педагогијата на училиштата и образовните системи; ригорозните, вообичаените очекувања за учење (знаење, вештини и склоности) се експлицитни, транспарентни, мерливи и преносливи."[75]

Како основни карактеристики на учењето засновано на компетентност се издвојуваат следниве насоки за наставниците: „Разберете како учат учениците; Почитувајте ги принципите на учење и поучување; Олеснете го, наместо да го контролирате учењето; Поддржете критичко размислување, покажете почит, компетентност и грижа во секое време; Промовирајте и очекувајте одговорност од ученикот за учењето; Обезбедете навремена специфична повратна информација за напредокот на ученикот, почнувајќи со самооценување на ученикот; Индивидуализирајте ги искуствата од учењето според потребите; Очекувајте зголемена сложеност на перформансите додека ученикот напредува низ програмата."[76]

## *Мешано учење*

Мешаното учење подразбира „...каква било комбинација на учење лице-в-лице и учење овозможено од технологија. Тоа може да значи *синхроно* т.е. сите да работат заедно во реално време во училница или дисперзирани локации или *асинхроно* т.е. луѓе кои работат независно според нивните распореди."[77]

Мешаното учење или т.н. комбинирано учење ги има следниве карактеристики: „Учениците имаат опција за двата режима; Наставниците се добро упатени со двата режима; Учениците имаат интеракција лице в лице, но комуницираат и во виртуелниот простор; Учениците добиваат целосно искуство при користењето на новата технологија; Учениците се обучуваат за различни животни вештини; Во фокус е целокупниот развој на личноста; Физичкиот развој е можен во рамките на училиштето; Учениците

73 *Teaching Strategies: Competency-based Instruction*. Преземено на 13 август 13 2024 год.: https://cornerstone.lib.mnsu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1116&context=all

74 *Teaching Strategies: Competency-based Instruction*. Преземено на 13 август 13 2024 год.: https://cornerstone.lib.mnsu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1116&context=all

75 Levine, E. & Patrick, S. (2019). *What is competency-based education? An updated definition*. Vienna, VA: Aurora Institute.

76 Alan Bruce; *September 2014, Conference: Fifth International Conference on e-Learning - eLearning2014;* At: University of Belgrade, Serbia

77 *Blended Learning Handbook A educators' guide for digital learning in physical spaces*, UNICEF, стр. 9, Преземено на 14 август 2024 год.: https://www.learningpassport.org/media/1241/file/Blended%20Learning%20Handbook_FIN.pdf.pdf

добиваат широка изложеност и нови перспективи на содржината на курсот; Има контакт помеѓу оние кои учат; Обезбедува мултикултурен и мултидимензионален пристап во наставниот процес на учење; Го прави наставниот процес на учење насочен кон детето; Разновидна улога на наставникот; Ученикот конструира знаење наместо само да го консумира"[78] Од наведеното се гледа дека станува збор за креативна настава која во себе ги интегрира на различни начини учењето во училница или со физичко присуство помеѓу оние кои учат и наставникот, самостојна работа и онлајн работа преку користење на интернет-алатки. Притоа, се истакнува дека „Мешаното учење не е усогласено со некоја посебна педагогија и може ефективно да се одвива со широк опсег на пристапи"[79] како директна настава, индиректна настава, колаборативна настава и индивидуализирано учење со помош на компјутер.

За полесно да се конструира сликата за комбинираното учење можеби е добро да ги имаме предвид што, покрај другото, вклучува тој: Настава лице в лице; Интеракција на студентите со содржината на курсот; Групна интеракција со врсници; Групна дискусија и размена на идеи; Пристап до е-библиотека; Виртуелна училница; Онлајн оценување; е-школување; Пристап и одржување на едукативни блогови; Вебинари; Гледање стручни предавања на YouTube; Онлајн учење преку видеа и аудио; Виртуелни лаборатории"[80]

Некои од основните модели на мешаното учење се:

- *Лице во лице*: Курсот останува целосно лице-в-лице, но елементите на курсот се спроведуваат онлајн, како што се дискусии преку интернет, домашни задачи или проекти;
- *Ротација:* Студентите имаат одредено време за часови што е лице-в-лице и одредено време за часови што е целосно онлајн;
- *Флексибилност:* Поголемиот дел од наставната програма е обезбедена преку интернет, но наставниците обезбедуваат поддршка и туторство на лице место;
- *Самомешање:* Студентите избираат кои курсеви да ги посетуваат онлајн, а кои да ги посетуваат во училница. Дел од секој училишен ден се поминува во двете средини;
- *Онлајн водење:* Курсевите и наставниците се целосно онлајн, при што наставникот и студентот обично работат на далечина. Тоа може да се збогати со активности лице в лице."[81]

Секако дека е важно да се имаат предвид предусловите од кои е условена успешноста во примената на комбинирано учење. Станува збор за: „Добро обучени наставници; Наставници со научен став; Наставници со поширок поглед и позитивен пристап кон промените; Комплетни капацитети како добро опремена компјутерска лабораторија, интернет-конекција, видеоразговор; Студентите имаат пристап до интернет на нивните приватни компјутери; Флексибилност во системот; Целосно свесни и одговорни родители; Формативно оценување и континуирано интерно оценување."[82]

## *Учење засновано на проекти*

Учењето преку проекти развива креативно и критичко мислење кај студентите и дава основа за искуствено носење решенија. За Тен и Чепмен „...учењето засновано на проекти е модел кој го организира учењето околу проекти (Томас, 2000). Според Џонс, Расмусен и Мофит (1997), Томас,

78 Lalima1. & Kiran Lata Dangwal, Blended Learning: An Innovative Approach, Universal Journal of Educational Research 5(1): 132, 2017 http://www.hrpub.org DOI: 10.13189/ujer.2017.050116. P. 131

79 *Blended Learning Handbook A educators' guide for digital learning in physical spaces*, UNICEF, стр. 9, Преземено на 14 август 2024 год.: https://www.learningpassport.org/media/1241/file/Blended%20Learning%20Handbook_FIN.pdf.pdf

80 Lalima1. & Kiran Lata Dangwal, Blended Learning: An Innovative Approach, Universal Journal of Educational Research 5(1): 129-136, 2017 http://www.hrpub.org DOI: 10.13189/ujer.2017.050116 . P. 131

81 Kipp K. (2013). TEACHING ON THE EDUCATION FRONTIER Instructional Strategies for Online and Blended Classrooms Grades 5–12, Jossey-Bass, p. 160

82 Lalima1. & Kiran Lata Dangwal, Blended Learning: An Innovative Approach, Universal Journal of Educational Research 5(1): 132, 2017 http://www.hrpub.org DOI: 10.13189/ujer.2017.050116 . P. 133

Мергендолер и Мајклсон (1999) и Нгеоу и Конг (2001), проектите се сложени задачи, засновани на предизвикувачки прашања или проблеми кои ги вклучуваат студентите во дизајнот, решавањето проблеми, одлучувањето. Правење или истражувачки активности и давање можност на студентите да работат релативно автономно во подолг временски период и да кулминираат со реални производи или презентации."[83] Учење засновано на проекти е метод на настава во кој „учениците стекнуваат знаења и вештини работејќи подолг временски период за да истражуваат и да одговорат на сложено прашање, проблем или предизвик што резултира со производ, публикација или презентација што се споделува со јавна публика" (Бак Институт за образование). Студентите се ангажирани во работа што е суштинска, споделена и лично значајна."[84] „Учење засновано на проекти е образовен пристап заснован на истражување во кој студентите истражуваат реални проблеми преку индивидуални и групни проекти. Овој метод на поучување и учење ги поттикнува студентите да разберат зошто содржината е корисна и како може да се примени."[85]

Некои суштински принципи на учењето засновано на проекти: „Проектот е воден од студентот и им дава избор на студентите; Проектот е реален; Проектот опфаќа тимска работа и соработка; Проектот бара висококвалитетна работа; Проектот обезбедува јавен форум за исходот на проектот."[86]

Основните карактеристики на учењето засновано на проекти се следниве: „Ги мотивира учениците; Ги подготвува студентите за факултет, кариера и општествен живот; Им помага на учениците да ги исполнат стандардите и да поминат добро на тестовите кои бараат од учениците да покажат длабинско знаење и вештини за размислување; Им овозможува на наставниците да поучуваат на позадоволителен начин; Ги обезбедува училиштата со нови начини за комуникација и поврзување со родителите, заедниците и поширокиот свет."[87]

## *Учење од колеги/врсници/рамноправни*

Учењето од колегите е современ пристап во високото образование, што не значи дека до неодамна не се практикуваше. Со тек на време тоа доби теориска и практична рамка и е препознатливо низ форми и методи на соработка кои се развиваат и димензионираат со фактот што се засноваат на потребата, можностите, желбите и намерата на поединецот. Апстрактноста на поимот дава и поголеми можности на искуствена интерпретација. Имено, уште во 1995 год. идентификувани се десетина модели, кои опфаќаа модели „...во кој постарите студенти ги поучуваат помладите студенти, до поиновативните ќелии за учење, во кои студентите во истата година формираат партнерства за да си помагаат меѓусебно и со содржината на курсот и со личните грижи. Други модели вклучуваа семинари за дискусија, приватни студиски групи, параинирање (систем на пријатели) или советување, шеми за оценување од колеги, заеднички проекти или лабораториска работа, проекти во различни големини (каскадни) групи, менторство на работното место и активности во заедницата."[88] За Боуд и колегите „Пристапите за учење од врсници се промовирани за да се поттикнат одредени видови или аспекти на вештини за доживотно учење кои не се толку лесно изведени со други средства (Slavin, 1990). Меѓу оние вештини или атрибути поврзани со учењето од врсници се: развојот на исходите од учењето поврзани со соработка, тимска работа и станување член на заедница за учење; критичко

83 Tan J. C. L. & Chapman A. (2016). *Project-Based Learning for Academically-Able Students*, Sense Publishers, стр. 1

84 *ERLC Project-Based Learning Guide* (2017). Edmonton Regional Learning Consortium, Преземено на 15 август, 2024 год: https://arpdcresources.ca/wp-content/uploads/2017/09/ERLCProjects_Learning-guide-30Aug17-2.pdf

85 Во: *Key Principles for Project-Based Learning*, Lucas Education Research, Преземено Август 10, 2024 од: https://www.lucasedresearch.org/wp-content/uploads/2021/02/Key-Principles-for-PBL-White-Paper-1.pdf

86 Markham, T. (2012). *Project based learning: Design and coaching guide—expert tools for innovation and inquiry for k–12 educators*. San Rafael, California: Heart IQ Press.

87 Larmer J., Mergendoller J. & Boss S. (2015). *Setting the standard for project based learning- a proven approach to rigorous classroom instruction*, ASCD, стр.2

88 Boud D., Cohen R. & Sampson J. (2001) *Peer learninq in higher education learninq from & with each other*, Kogan Page Limited, стр. 3, Преземено на 15 август 2024 год.: https://www.algonquincollege.com/pd/files/2019/11/MMM_article_peer-learning.pdf

истражување и размислување; комуникациски вештини; и учење како да се учи“[89]

Од наведеното се гледа дека секој наставник треба да ја има предвид користа која ја имаат студентите со примена на овој пристап кон учењето и поучувањето:

***„Нови перспективи за учениците*:** Ако ученикот учи исклучиво од наставникот, тој може да добие само една нова перспектива. Учењето од нивните врсници може да додаде бројни корисни перспективи, нијанси и слоеви на знаењето на студентот.

***Социјалната интеракција го прави учењето забавно***: По природа, луѓето се социјални суштества. Копнееме да воспоставиме врски и да бидеме дел од група. Додадениот елемент на социјалната интеракција во учењето од врсници може да биде возбудлив и збогатен. Студентите кои можеби се двоумат да комуницираат со наставникот може да бидат повеќе подготвени да се отворат со своите врсници.

***Поучувањето на другите им помага на студентите да учат***: Ништо не бара од вас да се чувствувате сигурни во сопственото знаење, исто како да го предавате она што го знаете на некој друг. Како што споменавме, учењето од врсници може да им помогне на студентите да научат и да го зацврстат сопственото знаење. Ефективната настава бара подлабоко ниво на знаење за одредена тема.“[90]

Низ литературата се среќаваат поголем број модели кои може да бидат прилагодени и применети од страна на универзитетските наставници. Оставаме на креативноста на наставниците да ги контекстуализираат нив и да ги применат соодветно во однос на дефинираните цели и резултатите од учењето. Станува збор за:

*„Заштитнички модел*: Во моделот проктор, постар или поискусен студент подучува помлад или помалку искусен врсник.

*Семинари за дискусија*: Семинарите за дискусија се почести на универзитетско ниво. Тие често се одржуваат откако студентите ќе го научат материјалот преку предавање или неделно читање. Преку овие дискусии, студентите ги продлабочуваат своите знаења и добиваат дополнителни перспективи.

*Групи за поддршка од врсници*: Понекогаш наречени приватни студиски групи, групите за поддршка од врсници се собири предводени од студенти кои обично се одржуваат надвор од часовите без поддршка од наставници. Врсниците може да се состанат за да учат заедно за тест или да завршат групен проект.

*Шеми за оценување од колеги*: Шемите за оценување од колеги може да бидат вообичаени при пишувањето курсеви. На пример, наставникот по англиски јазик на АП може да ги натера студентите да си читаат есеи еден на друг за да дадат неформални повратни информации.

*Соработнички/Колаборативни проекти*: Доделувањето на студентите да работат на заеднички проекти може добро да им послужи за нивните идни напори на работното место и општеството. Овие проекти учат на соработка, за важноста на комбинирање вештини и потребата да се исполнат роковите.

*Каскадни групи*: Каскадните групи е метод на учење со кој студентите се делат на групи кои постепено стануваат поголеми или помали. На пример, студентите може да бидат охрабрени сами да научат за посебна тема и потоа да ја споделат со партнерот. Тоа партнерство потоа ќе го сподели своето знаење со друго партнерство и така натаму.

---

89 Boud D., Cohen R. & Sampson J. (1999): *Peer Learning and Assessment, Assessment & Evaluation in Higher Education,* 24:4, 413-426 To link to this article: http://dx.doi.org/10.1080/0260293990240405

90 *Peer Learning: Overview, Benefits, and Models,* Преземено на 20 август 20 2024 год.: https://www.wgu.edu/blog/peer-learning2208.html#close

*Менторство*: Ментор е некој што има искуство во одредена област. Го водат студентите, го обучуваат и ги учат лекциите што некогаш морале да ги научат. Подучувањето од врсници е форма на менторство. Понекогаш на студентите на кои им е потребна дополнителна поддршка им се доделува личен ментор од врсници кој работи еден на еден со нив за да им помогне да успеат.

*Реципрочно поучување*: Во реципрочното предавање, студентите мора да ги развијат вештините за испрашување, предвидување, сумирање и разјаснување. Тие се учат еден со друг, користејќи ги овие техники. Тие служат за формирање еден вид скеле за учење предводено од врсници.

*Метод на сложувалка*: Во методот на сложувалка за учење од врсници, студентите се поделени во групи, при што на секоја група ѝ е дадена различна тема за проучување. Потоа, се зема по еден ученик од секоја група за да се формира група за соработка каде што се дискутираат повеќе концепти. Ако има осум групи со сложувалка, тогаш на крајот ќе се дискутираат осум теми во една група.“[91]

## Конструктивистичко учење и поучување

Конструктивистичкото учење и поучување дава специфична димензија на учењето и поучувањето. Имено, според Рејес и Валон суштината е дека „... студентите конструираат знаење користејќи ги како основа нивните претходни искуства. Најт (2002) сугерира дека „...во суштина, градиме знаење врз основа на она што веќе го знаеме, а секоја идеја што ја учиме го олеснува нашиот тековен интелектуален развој“. (стр. 3)“[92] Според други автори „Конструктивистот верува дека секој што учи мора да изгради значење за себе - дека единственото учење што може да се одржи е она што е поврзано со веќе постојното знаење, искуства или концептуализации на поединецот. Она што студентите го учат не е копија на она што го набљудуваат во нивната околина, туку, напротив, резултат на нивното размислување и обработката.“[93] За овие автори примарно за наставникот е „...да им овозможи на децата да пронајдат и да создадат свои врски што резултираат со валидни, интернализирани значења уникатни за секој студент. Наставникот ги води студентите низ истражувачки активности кои им овозможуваат сами да истражат и да дојдат до сопствени заклучоци за случувањата.“[94]

Значајно е наставниците, при реализација на ваквиот пристап, да бидат водени од принципите на конструктивистичкото учење: „Новото учење се надоврзува на претходното знаење; Учењето е посредувано преку социјална интеракција; Решавањето проблеми е дел од учењето; Учењето е процес и наставниците се олеснувачи на тој процес.“[95]

За секој наставник да ја сфати својата улога во овој модел на учење и поучување добро е да ги знае дескрипторите на конструктивистичката настава на Брукс и Брукс (Brooks and Brooks, 1999) и да знае дека наставникот конструктивист:

- Ја поттикнува и прифаќа студентската автономија и иницијатива;
- Користи необработени податоци и примарни извори на информации со манипулативни, интерактивни и физички материјали;
- Користи когнитивна терминологија, како што се „класифицирај“, „анализирај“, „предвиди“ и „создај“;
- Дозволува одговорите на студентите да ги поттикнат часовите, да ги менуваат наставните стратегии и да ја менуваат содржината;

---

91 *Peer Learning: Overview, Benefits, and Models,* Преземено на 20 август 2024 год.: https://www.wgu.edu/blog/peer-learning2208.html#close

92 Reyes A. S. & Vallone L. T. (2008). *CONSTRUCTIVIST STRATEGIES for Teaching English Language Learners*, Corwin Press, стр. 27

93 Martin J. D. (2009). *ELEMENTARY SCIENCE METHODS A CONSTRUCTIVIST APPROACH,* Fifth Edition, Wadsworth, Cengage Learning, стр. 199

94 Martin J. D. (2009). *ELEMENTARY SCIENCE METHODS A CONSTRUCTIVIST APPROACH,* Fifth Edition, Wadsworth, Cengage Learning, стр. 200

95 Повеќе во: Reyes A. S. & Vallone L. T. (2008). *CONSTRUCTIVIST STRATEGIES for Teaching English Language Learners*, Corwin Press, стр. 36-38

- Се распрашува за разбирањето на концептите на студентите пред да ги споделите нивните сопствени сфаќања за концептите;
- Ги охрабрува студентите да се вклучат во дијалог, и со наставникот и меѓусебно.
- Го поттикнуваат истражувањето од страна на студентите со поставување внимателни, отворени прашања и ги охрабрува студентите да си поставуваат прашања едни на други;
- Бара елаборација на првичните одговори на студентите;
- Ги вклучува студентите во искуства кои можат да предизвикаат противречности на нивните првични хипотези и потоа поттикнува дискусија;
- Остава време за чекање откако ќе постави прашање;
- Обезбедува време за студентите да конструираат врски и да создаваат метафори.
- Ја негуваат природната љубопитност на студентите преку честа употреба на моделот на циклусот на учење.“[96]

Ова покажува дека улогата на наставникот е многу значајна во успешната примена на конструктивистичкото поучување за постигнување успех во реализација на очекуваните резултати од учењето.

96 Martin J. D. (2009). *Elementary science methods a constructivist approach,* Fifth Edition, Wadsworth, Cengage Learning, стр. 215, 216

# 5

# 5. ТЕХНИКИ ЗА ПРОВЕРУВАЊЕ И ЕВАЛУАЦИЈА/ ОЦЕНУВАЊЕ НА УЧЕЊЕТО И СТУДИРАЊЕТО

Техниките за оценување на учењето и студирањето се важна алатка за квалитетот на ефективна универзитетска настава која на наставниците им дава можност да ја проверат и потврдат својата наставна работа, да го утврдат и измерат успехот и постигнувањата на студентите.

Според Барли и Мајор, техниките за оценување[97] на учењето се уникатни наставни структури кои ја спојуваат идентификацијата на целите на учењето и активноста за учење која бара од студентите да произведат продукт за учење што може да се процени и насочи за тоа како да се анализираат и прикажуваат резултатите од учењето за да се споделат со повеќе засегнати страни.

Во оваа прилика ќе посочиме и кратко ќе наведеме и ќе образложиме неколку алтернативни техники кои треба да ги поттикнат универзитетските наставници, покрај користењето на стандардните и добро познатите техники за проверување и оценување, да бидат креативни и да создаваат свои пристапи со кои на најсоодветен, навремен и конкретен начин ќе ги идентификуваат, измерат и вреднуваат постигнувањата на студентите во учењето и студирањето.

**Техника најдобро резиме** - студентите подготвуваат одделно резимеа од главните точки на крајот од дадена тема, содржина, предавање, задача за читање или друго, а потоа работат во групи за да го споредат, оценуваат и го изберат „најдоброто“ резиме.

**Протоколи за решавање проблеми** - студентите во парови добиваат неколку проблеми што треба да ги решат, како и специфични улоги – решавач на проблеми и слушател – потоа ги префрлаат улогите додека се движат од проблем во проблем.

**Студија на случај** - студентите добиваат реално сценарио, или „случај“, поврзан со содржината на курсот. Овие случаи обично претставуваат кратка историја за тоа како се развила одредена ситуација и дилема со која се соочува клучниот лик во сценариото, а студентите се задолжени да му помогнат на ликот да развие решение за проблемот.

**Слободна дискусија** – во мали групи кои се формираат брзо студентите треба веднаш да одговорат на прашања поврзани со курсот. Нивната дискусија е неформална размена на идеи, но студентите се оценуваат според нивната способност за ефективно учество.

**Дебата** - во дебата, студентите истражуваат и анализираат контроверзна тема, а потоа се вклучуваат во серија усни презентации на нивните аргументи против спротивставениот тим.

**Преглед на проблеми од колеги/врсници -** во прегледот на проблеми со колеги/врсници, студентите добиваат проблем, се обидуваат да го решат, а потоа го предаваат проблемот и решението на колегата во близина. Студентот што го добива проблемот и одговорот го анализира и го оценува решението.

**Дијадичен есеј** - студентите поединечно работат (пишуваат) на есејско прашање и модел на одговор на задача за читање, предавање или друго. Паровите разменуваат прашања, пишуваат одговори на прашањата едни на други, а потоа го споредуваат со својот модел. Студентите потоа разговараат за нивните одговори и во последниот чекор завршуваат со меѓусебно оценување од колегите.

**Играње улоги** - играта со улоги е создадена ситуација во која студентите намерно глумат или претпоставуваат ликови или идентитети што вообичаено не би ги претпоставиле за да ги постигнат

97 Повеќе во: Barley, F.E.. & Major, H.C. (2016). *Learning Assessment Techniques*. A Handbook for College Faculty, p. 33, 36, 37.

целите на учењето. Студентите често ги истражуваат своите улоги преку независно учење, но наставниците може да обезбедат и специфични задачи, како што се читање, за да послужат како изворен материјал за претставата.

**Мрежа на знаење** - студентите покажуваат аналитички и организациски вештини со пополнување на внатрешните ќелии на табелата во која првата колона и горниот ред ги обезбедуваат клучните категории.

**Сеопфатна листа на фактори -** студентите се сеќаваат и наведуваат колку што можат повеќе релевантни фактори кои се поврзани со темата со која се сретнале преку зададената задача од читање, предавање, илустрација, изведба или друго искуство од програмата.

**Факт или мислење** - студентите прво читаат текст за да ги идентификуваат и набројат фактите. Потоа, тие го препрочитуваат текстот за да пронајдат каде авторот или отворено или скриено вметнува свое мислење, и прават нов список додека внимателно ги разгледуваат доказите и се спротивставуваат да бидат прифатени од реторичката сила на текстот.

**Цитат, Коментари** - студентите добиваат материјал со цитати од задача за читање, и потоа имаат обврска да ги коментираат, следејќи специфичен процес: парафразирање, интерпретирање и коментирање.

**Што е проблемот?** - студентите разгледуваат примери на заеднички типови проблеми со цел да го идентификуваат конкретниот тип проблем што го претставува секој пример.

**Техника Трискок** - Оваа техника во три чекори бара од студентите да размислат низ реалниот проблем претставен во сценарио засновано на случај: (1) да артикулираат план за негово решавање, (2) да соберат ресурси и (3) да се обидат да обезбедат остварливо решение за тоа.

**Дигитални проекти** - студентите креираат проекти кои го подобруваат и документираат нивното учење за важен концепт на тема од областа. Дигиталните проекти може да вклучуваат колажи, фотоалбуми, видеа, инфографици, веб-страници, блогови, подкасти, трејлери за книги или друго.

**Синџири на низи** - студентите анализираат и графички прикажуваат низа настани, дејства, улоги или одлуки. Синџирите на секвенци/низи бараат од студентите да создадат визуелна мапа на логиката во серијата.

**Мапи на концепти** - студентите цртаат дијаграм што ги пренесува нивните идеи за или разбирање на сложен концепт, постапка или процес што го проучувале. Дијаграмот има за цел да предложи врски помеѓу идеите, што ги прави во форма на мрежа во која квадратите или круговите претставуваат идеи и во која линиите меѓу идеите претставуваат врски.

# 6

# 6. ПРАКТИЧНИ АСПЕКТИ ЗА ДИЗАЈН И ПРИМЕНА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА ЗА НАСТАВНИЦИ ВО ОДНОС НА НАСИЛСТВОТО

## *Примена на таксономиите на цели во поучување и проучување на насилството*

### *Тема 1. Дефиниции и видови насилство*

**Резултати од учењето според таксономијата на Блум:**

1. **Знаење**: Идентификува, опишува и наведува основни дефиниции на насилство.
2. **Разбирање**: Споредува, дискутира и ги сортира различните видови насилство, како и последиците од нив.
3. **Примена**: Користи примери за различни видови насилство во секојдневниот живот.
4. **Анализа**: Анализира и објаснува ситуации во кои насилството е присутно и прави разлики меѓу видовите насилство.
5. **Синтеза**: Развива и комбинира стратегија за спречување на насилството во заедницата.
6. **Евалуација**: Проверува, споредува и аргументира во однос на ефективноста на различните методи за справување со насилството.

**Резултати од учењето според таксономијата на Кратвол (афективна):**

1. **Перцепција**: Идентификува и опишува постоење насилство во општеството.
2. **Способност на студентот за реакција**: Дискутира и помага во однос на изразените емоции во врска со насилството и неговите последици.
3. **Усвојување на вредносните ориентации**: Вреднува, разликува и објаснува различни ставови и гледишта за насилството.
4. **Организација на вредносните ориентации**: Менува, средува и интегрира свои ставови за важноста на превенцијата на насилството.
5. **Ширење вредносни ориентации**: Развива и предлага лична етика или принципи во однос на спречување на насилството.

**Резултати од учењето според таксономијата на Марзано:**

1. **Препознавајќи**: Идентификува различни видови насилство (физичко, емоционално, сексуално и вербално) и нивните дефиниции.
2. **Потсетувајќи се**: Опишува примери на насилство и ги дефинира основните термини поврзани со темата.
3. **Извршување**: Применува знаења за идентификација на насилство во конкретни ситуации и случаи.
4. **Интегрирање**: Објаснува како различните видови насилство влијаат на поединци и општеството.
5. **Симболизирање**: Прикажува графички модели или дијаграми кои визуелно ја илустрираат различноста на видови насилство.

6. **Поврзување/Совпаѓање**: Споредува и контрастира различни видови насилство, откривајќи сличности и разлики помеѓу нив.
7. **Класифицирање**: Организира видови насилство во категории според специфични критериуми (на пр. тип, интензитет).
8. **Анализирање грешки**: Идентификува и разјаснува недоразбирања во концепцијата на насилство и неговите видови.
9. **Генерализирање**: Извлекува заклучоци за општи трендови и модели на насилство во општеството.
10. **Специфицирање**: Формулира конкретни дефиниции и услови за различни видови насилство, со фокус на контекстуализација.
11. **Експериментирање**: Истражува различни сценарија на насилство и предвидува резултати од применетите интервенции.
12. **Истражување**: Собира и анализира податоци од релевантни извори за насилство и ги презентира резултатите.
13. **Носење одлуки**: Оценува различни стратегии за справување со насилство и одлучува која е најсоодветна за конкретен случај.
14. **Решавање проблеми**: Развива практични стратегии за превенција и интервенција во ситуации на насилство, засновани на научените принципи.

## *Тема 2. Причини и фактори на ризик од насилство*

**Резултати од учењето според таксономијата на Блум:**

1. **Знаење**: Идентификува основни причини и фактори на ризик од насилство.
2. **Разбирање**: Објаснува како различните фактори влијаат на појавата на насилство.
3. **Примена**: Користи примери за идентификување фактори на ризик во реални ситуации.
4. **Анализа**: Анализира случаи на насилство и прави разлика меѓу индивидуални и социјални фактори на ризик.
5. **Синтеза**: Развива интервенции за намалување на ризикот од насилство во заедницата.
6. **Евалуација**: Ја поддржува ефективноста на постојните стратегии за спречување насилство.

**Резултати од учењето според таксономијата на Кратвол (афективна):**

1. **Перцепција**: Опишува и идентификува различни фактори кои придонесуваат за насилството.
2. **Способност на студентот за реакција**: Изразува чувства за влијанието на социјалните и економските фактори на насилството.
3. **Усвојување на вредносните ориентации**: Ја цени важноста на образованието и свеста за превенција на насилството.
4. **Организација на вредносните ориентации**: Ги усогласува неговите ставови за стратегиите за справување со факторите на ризик.
5. **Ширење вредносни ориентации**: Развива лични принципи за активно учество во превенцијата на насилството.

**Резултати од учењето според таксономијата на Марзано:**

1. **Препознавајќи**: Идентификува фактори на ризик поврзани со насилство (еколошки, социјални, индивидуални) и утврдува дали определени изјави се точни или неточни.

2. **Потсетувајќи се**: Опишува главни причини за насилство и дава примери за специфични фактори кои можат да влијаат на неговото појавување.
3. **Извршување**: Применува методи за собирање информации за факторите на ризик и демонстрира разбирање на нивната улога во насилството.
4. **Интегрирање**: Објаснува како различни фактори на ризик заемно делуваат и како можат да доведат до насилство.
<td>Техники за проверување:<br>• Табела за споредба: Студентите изработуваат табела во која ги споредуваат факторите на ризик од насилство во различни контексти (семејство, заедница и училиште).<br>Пример за задача: „Креирајте табела која ги споредува факторите на ризик од насилство во семејството, заедницата и училиштето. Опишете какви сличности и разлики откривте и образложете ги.“<br>• Дискусија во групи: Студентите работат во групи за да дискутираат за различните контексти на насилство и факторите на ризик.<br>Пример за задача: „Во групи, дискутирајте за факторите на ризик од насилство во различни средини. Направете список на сличности и разлики и презентирајте ги во одделението.“</td>
</tr>
<tr>
<td>Класифицирање:<br>Организира стратегии за ненасилно решавање конфликти во категории според нивната ефикасност и применливост.</td>
<td>Техники за проверување:<br>• Класификација на факти: Студентите идентификуваат и организираат фактори на ризик во категории (индивидуални, социјални и економски).<br>Пример за задача: „Изработете список на фактори на ризик од насилство и организирајте ги во три категории: индивидуални, социјални и економски. Образложете зошто сте ги класифицирале на тој начин.“<br>• Проект за класификација: Студентите креираат проект кој вклучува класификација на различни случаи на насилство во општеството.<br>Пример за задача: „Идентификувајте пет случаи на насилство и класифицирајте ги во соодветни категории. Направете кратка презентација од вашите наоди.“</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | **Анализирање грешки**: Оценува ситуации каде што ненасилните стратегии не успеале и предлага алтернативни пристапи за подобрување. | **Техники за проверување:**<br>• **Анализа на изјави:** Студентите оценуваат изјави или претпоставки за насилството и идентификуваат потенцијални грешки.<br>**Пример за задача:** „Прочитајте неколку изјави за насилството и идентификувајте грешки во разбирањето на факторите на ризик. Напишете есеј од 300-500 збора во кој ќе предложите корекции.“<br>• **Проект за критичко размислување:** Студентите анализираат различни аспекти на насилството и предизвиците во разбирањето.<br>**Пример за задача:** „Развијте проект во кој ќе анализирате различни факти поврзани со насилството и ќе предложите начини за подобрување на разбирањето на овие факти.“ |
| | **Генерализирање**: Извлекува заклучоци за општи принципи на ненасилно разрешување конфликти и како тие можат да се применат во различни контексти. | **Техники за проверување:**<br>• **Извлекување заклучоци:** Студентите извлекуваат општи заклучоци за влијанието на факторите на ризик на насилството.<br>**Пример за задача:** „Врз основа на вашите истражувања, напишете краток извештај во кој ќе извлечете општи заклучоци за тоа како факторите на ризик влијаат врз насилството во општеството.“<br>• **Групна дискусија:** Студентите учествуваат во групна дискусија за да генерираат идеи за спречување на насилството.<br>**Пример за задача:** „Во група, дискутирајте за вашите заклучоци поврзани со насилството и предложете општи решенија за спречување на оваа појава во општеството.“ |
| | **Специфицирање**: Развива аргументи за важноста на ненасилното решавање конфликти во образованието и општеството и ги предвидува последиците од неговото игнорирање. | **Техники за проверување:**<br>• **Развој на аргументи:** Студентите развиваат аргументи за специфични причини на насилство, поткрепени со примери и податоци.<br>**Пример за задача:** „Напишете есеј со аргументи во кој ќе ги образложите специфичните причини за насилството, поткрепувајќи ги со примери и податоци.“<br>• **Презентација на истражување:** Студентите подготвуваат презентација за конкретен фактор на ризик и неговото влијание на насилството.<br>**Пример за задача:** „Изберете еден фактор на ризик и подгответе презентација од 10 минути во која ќе објасните како тој фактор влијае на насилството, користејќи примери и податоци.“ |
| **Користење на знаењето: Бара од студентите да го применат или користат знаењето во конкретни ситуации** | **Експериментирање**: Истражува нови стратегии за ненасилно решавање конфликти преку симулации или игри на улоги, тестирајќи ја нивната ефикасност. | **Техники за проверување:**<br>• **Стратегија на интервенција:** Студентите избираат специфична стратегија за намалување на насилството во своето опкружување и смислуваат експеримент за да ја оценат нејзината ефикасност.<br>**Пример за задача:** „Изберете стратегија за ненасилно разрешување конфликти (на пр. програма за медијација) и развијте план за експеримент кој ќе ја тестира нејзината ефективност во вашето училиште. Опишете какви методи ќе користите за мерење на успехот и какви исходи очекувате.“<br>• **Проектно учење:** Студентите спроведуваат проект во кој применуваат различни стратегии за намалување на насилството и го оценуваат нивниот успех.<br>**Пример за задача:** „Креирајте проект во кој ќе тестирате три различни стратегии за намалување на насилството во вашето училиште. Соберете податоци за тоа колку ученици се вклучени, какви промени се забележани во однесувањето и напишете извештај со вашите наоди.“ |

<table>
<tr><td></td><td>Истражување: Собира информации за успешни примери на ненасилно разрешување конфликти во различни култури и ситуации и ги анализира нивните методи.</td><td>Техники за проверување:<br>• Анализа на извори: Студентите собираат информации од различни извори за причините и факторите на ризик од насилство и формулираат аргументи.<br>Пример за задача: „Направете список на најмалку пет извори (книги, статии и интервјуа) за причините на насилството. Напишете реферат во кој ќе анализирате колку од овие извори поддржуваат одредена теорија или аргумент за насилството.“<br>• Истражувачки извештај: Студентите спроведуваат истражување за специфичен аспект на насилството и формулираат предлози.<br>Пример за задача: „Спроведете истражување за насилството во училиштата. Соберете податоци од анкети и интервјуа со ученици и напишете извештај во кој ќе формулирате ваши предлози за подобрување на ситуацијата.“</td></tr>
<tr><td></td><td>Носење одлуки: Оценува алтернативни стратегии за ненасилно решавање конфликти и препорачува најсоодветни стратегии во зависност од конкретните околности.</td><td>Техники за проверување:<br>• Процес на донесување одлуки: Студентите анализираат различни интервенции за намалување на насилството и одбираат најсоодветни мерки.<br>Пример за задача: „Идентификувајте три стратегии за намалување на насилството во вашата заедница. Направете матрица за оцена на секоја стратегија (потенцијални предности, недостатоци, трошоци) и предложете која стратегија би била најсоодветна, објаснувајќи зошто.“<br>• Оцена на влијание: Студентите го оценуваат влијанието на различните интервенции и избираат најсоодветни мерки.<br>Пример за задача: „Креирајте извештај во кој ќе оцените две интервенции за намалување на насилството (на пр. обука на наставници, програми за поддршка на ученици). За секоја интервенција наведете предности и недостатоци и заклучете која е најдобрата опција.“</td></tr>
<tr><td></td><td>Решавање проблеми: Развива стратегии за решавање конфликти во специфични ситуации, прилагодувајќи ги методите според индивидуалните потреби на учесниците.</td><td>Техники за проверување:<br>• Изработка на акциски план: Студентите развиваат стратегија за справување со специфични фактори на ризик.<br>Пример за задача: „Изберете конкретен проблем со насилство во вашето училиште. Развијте стратегија за решавање на овој проблем и опишете чекори што ќе ги преземете, како и очекуваните резултати.“<br>• Идентификување решенија: Студентите ги анализираат причините за проблемот и предлагаат решенија.<br>Пример за задача: „Составете список на проблеми поврзани со насилството во вашата заедница и за секој проблем предложете три решенија. Опишете какви ресурси ќе ви бидат потребни за да ги спроведете решенијата.“</td></tr>
</table>

*Табела бр. 22 Примери за проверување и евалуација на постигнувањата на студентите поврзани со резултатите од учење поврзано со насилството за темата/содржината Техники за посредување и решавање конфликти*

| Ниво на таксономија: | Примери на резултати од учењето според Марзано во однос на менталните процеси | Примери за техники за проверување и евалуација/оценување на учењето и проучувањето |
|---|---|---|
| **Преземање: Вклучува потсетување на информации од трајната меморија** | **Препознавање**: Идентификува различни техники за посредување (на пр. активно слушање, рефлексија) и утврдува дали изјавите за нив се точни или неточни. | **Техники за проверување:**<br>• **Квиз за препознавање:** Студентите решаваат кратки квизови или тестови за да идентификуваат различни облици на насилство и нивните последици.<br>**Пример за задача:** „Пополнете го следниот квиз со одговори на прашањата кои се однесуваат на различни форми на насилство (физичко, емоционално и вербално) и нивното влијание на поединци и заедници. Оценувајте дали дадените изјави за насилството се точни или неточни."<br>• **Идентификација на сценарија:** Студентите разгледуваат различни сценарија и препознаваат елементи на насилство.<br>**Пример за задача:** „Прочитајте ги следните ситуации и идентификувајте дали тие вклучуваат насилство. Направете список на фактори кои ја објаснуваат природата на насилството во секоја ситуација." |
| | **Потсетување**: Дефинира термини поврзани со решавање конфликти и опишува конкретни примери на техники за посредување. | **Техники за проверување:**<br>• **Устно изразување:** Студентите даваат устно објаснување за последиците од насилството врз физичкото и менталното здравје на поединците.<br>**Пример за задача:** „Подгответе кратка презентација (2-3 минути) во која ги опишувате последиците од насилството. Вклучете конкретни примери од реалниот живот и објаснете како овие последици влијаат на индивидуи и заедници."<br>• **Пишување реферат:** Студентите пишуваат краток реферат за последиците од насилството.<br>**Пример за задача:** „Напишете реферат од 300-400 збора за физичките и менталните последици од насилството. Вклучете примери од вашиот живот или од известувања во медиумите." |
| | **Извршување**: Применува техники за посредување во симулирани ситуации, демонстрирајќи го нивното спроведување. | **Техники за проверување:**<br>• **Презентација на податоци:** Студентите собираат информации за влијанието на насилството и ги презентираат во форма на графикон или слајд-презентација.<br>**Пример за задача:** „Соберете податоци за влијанието на насилството во вашата заедница. Подгответе графикон или слајд-презентација за да ги презентирате вашите наоди пред одделението."<br>• **Извештај за истражување:** Студентите собираат информации за различни форми на насилство и пишуваат извештај.<br>**Пример за задача:** „Истражете три различни форми на насилство и напишете извештај кој вклучува податоци за нивното влијание на поединци и заедници. Вклучете конкретни примери и референци за вашите извори." |

<table>
<tr>
<td rowspan="2">Разбирање: Бара идентификување на тоа што е важно и таа информација ја сместува во категории</td>
<td>Интегрирање: Разјаснува како различните техники за посредување влијаат на решавањето конфликти и ги опишува нивните ефекти во реални ситуации.</td>
<td>Техники за проверување:<br>• Дебата за фактори на ризик: Студентите учествуваат во дебата во која се дискутираат различни фактори на ризик кои можат да доведат до насилство. Тие ќе мора да објаснат како овие фактори меѓусебно делуваат.<br>Пример за задача: „Поделете се во две групи. Првата група ќе образложи како социјалните фактори (како што се социјалната изолација) влијаат на насилството, а втората група ќе објасни како економските фактори (како што се сиромаштијата) влијаат на насилството. Обезбедете примери и факти за да ја поткрепите вашата позиција.“<br>• Картографирање фактори на ризик: Студентите ќе креираат мапа на концепти која прикажува како различни фактори на ризик се поврзани и како можат да влијаат на насилството.<br>Пример за задача: „Креирајте мапа на концепти која прикажува различни фактори на ризик поврзани со насилството. Вклучете минимум пет фактори и опишете како секој од нив влијае на другите. Презентирајте ја вашата мапа пред одделението и објаснете ги врските.“</td>
</tr>
<tr>
<td>Симболизирање: Конструира графикони или дијаграми кои визуелно го прикажуваат процесот на посредување и различните техники.</td>
<td>Техники за проверување:<br>• Графички дијаграм: Студентите ќе креираат графички дијаграм кој визуелизира различни фактори на ризик и нивната интеракција во контекст на насилството.<br>Пример за задача: „Направете графички дијаграм кој ги прикажува најзначајните фактори на ризик поврзани со насилството. Користете стрелки за да укажете на врските помеѓу факторите и опишете кратко како секој фактор влијае на насилството. Потоа, објаснете го дијаграмот пред одделението.“<br>• Плакат со визуелизации: Студентите дизајнираат плакат што визуелно ја прикажува интеракцијата помеѓу факторите на ризик и насилството, вклучувајќи и илустрации, графикони или слики.<br>Пример за задача: „Креирајте плакат што визуелно ја претставува врската помеѓу факторите на ризик и насилството. Вклучете илустрации, графикони и текст за објаснување. Плакатот треба да биде информативен и со привлечен дизајн. Презентирајте го пред одделнието и објаснете какви елементи сте вклучиле и зошто.“</td>
</tr>
<tr>
<td>Анализа: Вклучува образложени проширувања на знаењето и дава заклучоци кои не биле директно научени при предавањето</td>
<td>Поврзување/ Совпаѓање: Споредува и контрастира различни методи за решавање конфликти и нивната ефективност во одредени ситуации.</td>
<td>Техники за проверување:<br>• Матрична анализа: Студентите креираат матрица која ги споредува факторите на ризик од насилство во различни контексти (семејство, заедница и училиште) и идентификуваат сличности и разлики.<br>Пример за задача: „Направете матрица со три колони (семејство, заедница и училиште) и наведете ги најважните фактори на ризик во секој од овие контексти. Потоа, обележете сличности и разлики помеѓу факторите. Презентирајте ја вашата матрица и објаснете ги вашите наоди.“<br>• Група за дискусија: Студентите работат во групи за да дискутираат и споредат фактори на ризик од насилство во различни контексти, со цел да откријат сличности и разлики.<br>Пример за задача: „Формирајте мали групи и секоја група треба да анализира фактори на ризик од насилство во еден од контекстите (семејство, заедница и училиште). Патем, во заедничка дискусија, обележете ги сличностите и разликите помеѓу вашите контексти и запишете ги во заеднички документ.“</td>
</tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | **Класифицирање**: Организира различни техники за посредување според нивната природа (на пр. формални и неформални). | **Техники за проверување:**<br>• **Класификација на фактори на ризик:** Студентите организираат фактори на ризик во различни категории (индивидуални, социјални и економски) и дискутираат за нивната релевантност.<br>**Пример за задача:** „Идентификувајте десет фактори на ризик поврзани со насилството и организирајте ги во три категории: индивидуални, социјални и економски. Дајте кратко објаснување за секоја категорија и нејзината важност во контекст на насилството."<br>• **Анализа на примери:** Студентите добиваат примери на факти или случаи поврзани со насилството и треба да ги класифицираат во соодветни категории.<br>**Пример за задача:** „Прочитајте неколку случаи на насилство во заедницата. Класифицирајте ги овие случаи во категории (индивидуални, социјални и економски) и објаснете зошто сте ги класифицирале на тој начин. Презентирајте ја вашата анализа на групата." |
| | **Анализирање грешки**: Оценува ситуации во кои техниките за посредување не успеале и идентификува причини за неуспех. | **Техники за проверување:**<br>• **Разговор за грешки:** Студентите анализираат ситуации во кои е направена грешка во разбирањето на факторите на ризик и предлагаат корекции.<br>**Пример за задача:** „Испитувајте конкретен случај на насилство и анализирајте ги можните грешки во интерпретацијата на факторите на ризик. Обезбедете корекции и објаснувања зошто биле направени грешки. Поделете ги вашите наоди со одделението."<br>• **Работна анализа:** Студентите добиваат примери на неуспешни интервенции за спречување насилство и анализираат зошто тие не успеале.<br>**Пример за задача:** „Изберете еден пример за неуспешна интервенција во врска со насилството. Анализирајте ги причините зошто интервенцијата не успеала и предложете подобрувања за идните стратегии. Презентирајте ги вашите заклучоци пред групата." |
| | **Генерализирање**: Извлекува општи заклучоци за ефикасноста на различни техники во различни контексти. | **Техники за проверување:**<br>• **Донесување заклучоци:** Студентите извлекуваат општи заклучоци за тоа како факторите на ризик влијаат врз појавата на насилство во општеството.<br>**Пример за задача:** „Врз основа на вашите анализи на различните фактори на ризик, напишете краток есеј кој објаснува какви заклучоци можете да извлечете за тоа како овие фактори можат да доведат до насилство во општеството. Обезбедете конкретни примери за да ја поткрепите вашата аргументација."<br>• **Проект за објаснување заклучоци:** Студентите работат на проект во кој ги објаснуваат своите заклучоци за факторите на ризик и нивното влијание врз насилството.<br>**Пример за задача:** „Направете групен проект во кој ќе објасните какви заклучоци можете да извлечете за факторите на ризик и насилството. Вашиот проект треба да вклучува презентација и визуелни материјали. Презентирајте го проектот пред групата." |
| | **Специфицирање**: Развива аргументи за специфични техники и нивната примена во реални конфликтни ситуации. | **Техники за проверување:**<br>• **Развој на аргументи:** Студентите развиваат аргументи за специфични причини на насилство, поткрепени со примери и податоци.<br>**Пример за задача:** „Изберете еден специфичен фактор на ризик (на пр. семејна динамика) и развијте аргумент за тоа како тој фактор придонесува за насилството. Поткрепете го вашиот аргумент со податоци и примери. Презентирајте ѝ ја вашата анализа на групата."<br>• **Студија на доказ:** Студентите подготвуваат истражување кое ги анализира специфичните причини за насилство во одредена заедница.<br>**Пример за задача:** „Изберете заедница и проучете специфични причини за насилството во таа заедница. Соберете податоци и креирајте извештај што ги опишува вашите наоди и предлага решенија. Презентирајте ги вашите наоди пред групата." |

| | | |
|---|---|---|
| **Користење на знаењето: Бара од студентите да го применат или да го користат знаењето во конкретни ситуации** | **Експериментирање**: Истражува нови методи за посредување и тестира различни пристапи во контролирани услови. | **Техники за проверување:**<br>• **Изработка на Проект за стратегија:** Студентите истражуваат различни стратегии за намалување на факторите на ризик и предвидуваат можни исходи.<br>**Пример за задача:** „Изработете проект во кој ќе идентификувате три стратегии за намалување на насилството во вашата заедница. За секоја стратегија, опишете ги можните исходи и креирајте план за имплементација. Презентирајте ѝ го проектот на групата."<br>• **Симулирана интервенција:** Студентите учествуваат во симулација на интервенција за намалување на насилството и ги анализираат резултатите.<br>**Пример за задача:** „Во групи, разработете симулација на интервенција која ќе се справи со насилството во училиште. На крајот на симулацијата, анализирајте ги резултатите и дискутирајте за успехот на применетите стратегии." |
| | **Истражување**: Дебатира за различни стратегии за решавање конфликти и проучува примери од праксата. | **Техники за проверување:**<br>• **Истражувачки проект:** Студентите собираат информации од различни извори за причините и факторите на ризик од насилство и формулираат аргументи врз основа на истражувањето.<br>**Пример за задача:** „Направете истражувачки проект во кој ќе ги проучите причините за насилство во вашата заедница. Соберете информации од книги, статии и интервјуа, и напишете извештај со вашите наоди и заклучоци."<br>• **Презентација на истражувања:** Студентите презентираат истражувачки наоди за факторите на ризик од насилство.<br>**Пример за задача:** „Направете презентација заснована на вашето истражување за факторите на ризик од насилство. Вклучете графички прикажувања и примери од реалниот живот за да ги поткрепите вашите аргументи." |
| | **Носење одлуки**: Оценува алтернативни техники за посредување и предлага најсоодветни решенија за конкретни конфликти. | **Техники за проверување:**<br>• **Анализа на интервенции:** Студентите оценуваат различни интервенции за намалување на факторите на ризик и избираат најсоодветни мерки.<br>**Пример за задача:** „Креирајте табела во која ќе оцените пет различни интервенции за намалување на насилството. Вклучете критериуми, како што се ефикасност, трошоци и достапност. На крајот, одберете една интервенција која би ја имплементирале и објаснете зошто сте ја одбрале."<br>• **Играње улоги во донесувањето одлуки:** Студентите учествуваат во симулација на состанок на заедница каде што носат одлуки за интервенции за намалување на насилството.<br>**Пример за задача:** „Во мал групен проект, симулирајте состанок на локалната заедница. Секој член на групата треба да презентира своја предлог-мерка за справување со насилството. На крајот, групата ќе донесе одлука која мерка ќе се имплементира." |
| | **Решавање проблеми**: Развива стратегии за успешен одговор на конфликти, прилагодувајќи ги техниките според специфичните околности. | **Техники за проверување:**<br>• **Развој на стратегија:** Студентите развиваат стратегија за справување со специфични фактори на ризик, со цел да се спречи насилството во различни средини.<br>**Пример за задача:** „Изберете еден специфичен фактор на ризик од насилството и развијте стратегија за справување со него. Вклучете конкретни чекори и активности за имплементација. Презентирајте ја вашата стратегија пред одделението."<br>• **Решавање случаи:** Студентите работат на решавање конкретни случаи на насилство и предлагаат решенија.<br>**Пример за задача:** „Работете во групи на анализа на реален случај на насилство. Идентификувајте ги факторите на ризик и развијте стратегија за справување со ситуацијата. Изработете извештај со вашите наоди и предложете мерки за превенција." |

## *Конкретни совети за градење и развој на пристапи кон насилството*

Светската здравствена организација (СЗО) во соработка со УНЕСКО (UNESCO) и УНИЦЕФ (UNECEF) има подготвено Прирачник[98] кој ги води стручните лица кон пристапот за спречување насилство на ниво на училиште со конкретни совети како да се направи тоа. За потребите на нашите студенти, идни наставници, ги издвојуваме следните делови од Прирачникот, кои се важни елементи во воспоставувањето сеопфатен пристап во спречување на насилството во училиштата и истовремено претставуваат добра основа за практично размислување на универзитетските наставници на наставничките факултети при осмислувањето на своите предметни програми:

- Собирање податоци за насилство и следење на промените со текот на времето;
- Работа со наставници на вредности и верувања и нивна обука за позитивна дисциплина и управување во училницата;
- Реакција на насилството кога тоа ќе се случи;
- Вклучување на родителите во активности за спречување насилство;
- Вклучување на заедницата во активности за спречување насилство;
- Евалуација на активности за спречување насилство и употреба на докази за зајакнување на својот пристап.

**Собирање податоци за насилство и следење на промените со текот на времето -** собирањето податоци е важен дел во спречување на насилството и тоа може да помогне да се дознае колку ученици се жртви на насилство, кои видови насилство најчесто се доживуваат, да се видат карактеристиките на учениците кои се најчесто жртви (момчиња или девојчиња), да се осознае контекстот во кој се случува насилството, кои се вршители на насилство, кога и каде се случува тоа.

Постојат неколку важни чекори за собирање податоци:

1. Користење податоци од постојните училишни анкети и рутинско собирање податоци;
2. Воспоставување методи за известување и евидентирање на случаи на насилство и како училиштето реагира на тоа;
3. Осигурување дека податоците и начинот на нивното собирање се чуваат доверливо;
4. Следење на нивоата на насилство и споредба со достапните податоци;
5. Вклучување прашања кои го мерат насилството во постојните училишни анкети;
6. Спроведување анкети заради процена на опсегот на насилство, каде и кога тоа се случува, карактеристики на вклучени лица и перцепција на насилство;
7. Користење на податоците за насочување на активности за спречување насилство.

**Работа со наставници на вредности и верувања и нивна обука за позитивна дисциплина и управување со училницата –** создавањето сигурна средина за учење која ќе се темели на еднаквоста, а почитувањето е најважниот дел за спречување насилство. Тоа значи дека на негативното лошо однесување да се реагира конструктивно, а доброто однесување се наградува. Помош за наставниците да ја сфатат важноста дека безбедната училница/средина е клучна и сигурно место во кое можат да учат и во која можат да им помогнат на учениците во учењето и нивната способност да ја преземат одговорноста за своето однесување.

98 Преземено и адаптирано од: Sprečavanje nasilja u školi: praktični priručnik. (2019). Ženeva: Svjetska zdravstvena organizacija, Licenca: CC BY-NC-SA 3.0 IGO. Преземено на 24 август 2024 год.: https://mzom.gov.hr/UserDocsImages/dokumenti/StrucnaTijela/Nenasilje/Sprecavanje%20nasilja%20u%20skoli%20-%20prakticni%20prirucnik.pdf.

Оттука, важно е да се знае како:

- да се влијае на штетните, негативните уверувања во социјалните, културните и родовите норми на наставникот,
- да се работи на позитивната дисциплина и управување со училницата, тоа значи стекнување знаења и вештини за: стратегии за управување со проблематично однесување; поставување правила во училницата и очекувања во однесувањата; градење позитивен однос помеѓу наставникот и учениците; награди за примерно однесување; развој на социјални, емоционални и академски вештини на децата.

**Како да се реагира на насилството кога тоа ќе се случи** - кога ќе се случи насилство во училиштето, на тоа мора брзо да се реагира и да им се понуди соодветна помош и поддршка на погодените деца – жртви и сторители – за да се осигури дека тоа повеќе нема да се случи. Училиштата се должни да ги штитат децата кои се под нивна заштита. Кога родителите ќе ги однесат децата во училиште, одговорноста за децата е доверена на училиштата. Во таа смисла, училиштата мора да имаат воспоставен механизам на реакција кога ќе се случи инцидент на насилство над ученик.

Реакцијата на насилство во училиштата ги вклучува следните чекори:

1. Идентификација на жртвите на насилство во училиштата;
2. Пријава на насилство во училиштето;
3. Помош на жртвите;
4. Упатување – познавање на соодветните служби за заштита на децата (медицински, психосоцијални или служби за ментално здравје, правни служби...);
5. Занимавање со вршителите на насилство;
6. Работа со учениците кои се сведоци на насилство;
7. Улога на родителите;
8. Обучување со вештини на наставници кои на соодветен начин треба да реагираат на насилство.

**Вклучување на родителите во активности за спречување насилство -** родителите имаат важно влијание за тоа какви вредности, ставови и однесување имаат децата. Градењето позитивни и значајни односи помеѓу училиштето и родителите може да помогне во спречувањето на насилството и подобрувањето на академскиот развој. Програмите за спречување насилство во училиштата можеби нема да бидат ефикасни доколку децата се изложени на насилство во своите домови. Токму поради тоа, училиштето мора да игра улога во препознавање и решавање проблеми на насилство во домовите на учениците и другите потенцијални ризици за добробит на детето.

Затоа е важно училиштето да презема иницијативи за поголема вклученост на родителите, како на пример:

- Информирање на родителите за политиките на училиштето за насилно однесување и активности за спречување насилство;
- Ширење пораки за тоа како родителите можат да го подржат учењето на своето дете;
- Работа со родителите за подобрување на родителските вештини и поттикнување ненасилни стратегии за решавање на проблематично однесување;
- Повик за родителите да учествуваат во работата на телата на училиштето за координација и спречување насилство.

**Вклучување на заедницата во активности за спречување насилство -** активностите за спречување насилство ќе имаат многу поголемо влијание доколку заедницата овозможува поддршка. Партнерството со групи од заедницата како што се: здравствените служби, полицијата, верските

организации, вонучилишните сектори, советот на млади, универзитетите, невладините организации и локалните институции можат да помогнат во пренесувањето на пораката и вклучувањето на стручноста и ресурсите во активностите за спречување насилство.

Можни начини за вклучување на заедницата и развој на партнерството:

- Поттикнување на сите деца да се запишат во училиште и редовно да посетуваат настава;
- Креирање мултидисциплинарно тело за координација на активности за спречување и решавање насилство;
- Отворање на училиштето како место во кое можат да се одвиваат активности на пошироката заедница.

**Евалуација на активности за спречување насилство и употреба на докази за зајакнување на својот пристап –** Евалуацијата, односно оцената на вашите активности, дали и колку влијае во намалување на насилството и е важен дел во спречувањето на насилството. Тоа може да помогне да видите дали и колку некоја активност е ефикасна и дали е добро да се продолжи со спроведување на таа активност или дури и да се прошири нејзиниот опсег. Може да помогне да идентификувате кои делови на активноста добро функционираат, а кои не, со цел да ви помогне да ги подобрите. Евалуацијата може да им помогне на другите училишта, па дури и на другите земји да научат од вашето искуство. Важно е да се направи план за евалуација веднаш на почетокот на активностите за да бидете сигурни дека основните податоци постојат однапред.

# РЕФЕРЕНЦИ

**Референци на латиница**


1. Anderson, L.W. & Krathwohl, D.R. (Eds.) (2001). *A taxonomy for Learning, teaching, and assessing: Arevision of Bloom's taxonomy of educational objectives.* New York: Addison Wesley Longman. Retrieved October 28, 2009, from http://www.transitionmathproject.org/partners/wcp/doc/bloom.pdf
2. Barley, F.E. & Major, H.C. (2016). *Learning Assessment Techniques*. A Handbook for College Faculty
3. Bear G. G. (2024) *Lying, Cheating, Bullying, and Narcissism*- The Development of Self-Discipline and the Influence of Trumpism, Routledge
4. Benson J. (2021). *Bullying*, The Rosen Publishing Group
5. *Blended Learning Handbook A educators' guide for digital learning in physical spaces*, UNICEF, стр. 9, Преземено 14 Август, 2024 од: https://www.learningpassport.org/media/1241/file/Blended%20Learning%20Handbook_FIN.pdf.pdf
6. Bloom B. (1956). *Taxonomy of Educational Objectives, The Classification of Handbook I: Cognitive Domain (Ed.)*, Longman
7. Boud D., Cohen R. & Sampson J. (1999): *Peer Learning and Assessment, Assessment & Evaluation in Higher Education*, 24:4, 413-426 To link to this article: http://dx.doi.org/10.1080/0260293990240405
8. Boud D., Cohen R. & Sampson J. (2001) *Peer learninq in higher education learninq from & with each other*, Kogan Page Limited, стр. 3, Преземено 15 Август, 2024 од: https://www.algonquincollege.com/pd/files/2019/11/MMM_article_peer-learning.pdf
9. Bradshaw P. C. & Waasdorp T. E. (2019). *Preventing Bullying in Schools- A Social and Emotional Approach to Early Intervention, W. W. Norton & Company*
10. Bruce; A. *September 2014, Conference: Fifth International Conference on e-Learning - eLearning2014;* At: University of Belgrade, Serbia
11. Daniela L., Smart Pedagogy for Technology-Enhanced Learning, In: DanielaL., (2019). (Ed.) *Didactics of Smart Pedagogy Smart Pedagogy for Technology Enhanced Learning*, Springer
12. *ERLC Project-Based Learning Guide* (2017). Edmonton Regional Learning Consortium, Преземено 15 Август, 2024 од: https://arpdcresources.ca/wp-content/uploads/2017/09/ERLCProjects_Learning-guide-30Aug17-2.pdf
13. Gini G., Pozzoli T., Jenkins L., & Demaray M., Participant Roles in Bullying In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons
14. Hanson R. (2023) *Making great relationships*, New York: Harmony
15. Hellström L., Thornberg R., & Espelage L. D. In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons
16. Hellström L., Thornberg R., & Espelage L. D., Definitions of Bullying In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons
17. Horton P., Critique of the Bullying Research Program In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons

18. *Key Principles for Project-Based Learning*, Lucas Education Research, Преземено Август 10, 2024 од: https://www.lucasedresearch.org/wp-content/uploads/2021/02/Key-Principles-for-PBL-White-Paper-1.pdf

19. Kipp K. (2013). TEACHING ON THE EDUCATION FRONTIER Instructional Strategies for Online and Blended Classrooms Grades 5–12, Jossey-Bass

20. Klein J. (2020). *Bullying : a reference handbook*. ABC-CLIO, LLC

21. Krajcik S. J. & Czerniak M. C. (2018). *Teaching Science in Elementary and Middle School A Project-Based Learning Approach*- Fifth Edition, Routledge

22. Lalima1. & Kiran Lata Dangwal, Blended Learning: An Innovative Approach, Universal Journal of Educational Research 5(1): 132, 2017 http://www.hrpub.org DOI: 10.13189/ujer.2017.050116

23. Larmer J., Mergendoller J. & Boss S. (2015). *Setting the standard for project-based learning- a proven approach to rigorous classroom instruction*, ASCD,

24. *Learning Taxonomy – Krathwohl's Affective Domain*, Превземено и адаптирано Август 10, 2024 од: https://global.indiana.edu/documents/Learning-Taxonomy-Affective.pdf

25. Levine, E. & Patrick, S. (2019). *What is competency-based education? An updated definition*. Vienna, VA: Aurora Institute.

26. Markham, T. (2012). *Project based learning: Design and coaching guide—expert tools for innovation and inquiry for k–12 educators*. San Rafael, California: Heart IQ Press.

27. Martin J. D. (2009). *Elementary science methods a constructivist approach,* Fifth Edition, Wadsworth, Cengage Learning

28. Marzano R. J. and Kendall. John S., (2007). *The new taxonomy of educational objectives* (2nd ed.), Corwin Press, стр. 12

29. Marzano R. J. and Kendall. John S., (2008). *Designing and assessing educational objectives: applying the new taxonomy,* Corwin Press

30. *Marzano Taxonomy – Terms and Phrases, Question Stems, Products*, Преземено и адаптирано Септември 12, 2024 од: https://core-docs.s3.amazonaws.com/documents/asset/uploaded_file/4132/PCPS/3395563/Marzano_s_Taxonomy_Terms__Phrases__Question_Stems__Products.pdf

31. Mazzone A., Kollerová L. & O'Higgins Norman J., Teachers' Attitudes Toward Bullying: What Do We Know, and Where Do We Go from Here? In: In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons

32. *Peer Learning: Overview, Benefits, and Models,* Преземено Август 20, 2024 од: https://www.wgu.edu/blog/peer-learning2208.html#close

33. Peguero A.A. & Hong J. S. (2020) *School Bullying Youth Vulnerability, Marginalization, and Victimization*, Springer

34. Reyes A. S. & Vallone L. T. (2008). *CONSTRUCTIVIST STRATEGIES for Teaching English Language Learners*, Corwin Press

35. Sanders P. B. J., Malamut S. & Cillessen N. H. A., Why Do Bullies Bully? Motives for Bullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons

36. Scheithauer H., Schultze-Krumbholz A., Pfetsch J., & Hess M. Types of Cyberbullying, In: Smith K. P. & O'Higgins Norman J. (Ed.) (2021) *The Wiley Blackwell Handbook of Bullying*: *A*, John Wiley & Sons

37. *Sprečavanje nasilja u školi: praktični priručnik*. (2019). Ženeva: Svjetska zdravstvena organizacija, Licenca: CC BY-NC-SA 3.0 IGO. Преземено август 15, 2024 од: https://mzom.gov.hr/UserDocsImages/dokumenti/StrucnaTijela/Nenasilje/Sprecavanje%20nasilja%20u%20skoli%20-%20prakticni%20prirucnik.pdf.

38. Tan J. C. L. & Chapman A. (2016). *Project-Based Learning for Academically-Able Students*, Sense Publishers

39. *Teaching Strategies: Competency-based Instruction*. Преземено Август 13, 2024 од: https://cornerstone.lib.mnsu.edu/cgi/viewcontent.cgi?article=1116&context=all


**Референци на кирилица**

1. Андреев М. (1996) *Процесът на обучението*, София: Униврзитетско издателство

2. Закон за основното образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/19 и 229/20). Преземено на 11.9.2024 год.: https://mon.gov.mk/stored/document/Zakon%20za%20osnovnoto%20obrazovanie%20-%20nov.pdf

3. Закон за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр.148/13, и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19 и бр. 275/12)

4. Илиев Д. (2007). *Дидактика* (Авторизирани предавања), Битола: Педагошки факултет-Битола

5. Илиев Д. (2021). *Дидактика за родители*, Кочани: Европа 92

6. Кларин М. В. (1995). *Педагошката технологија во наставниот процес*, Скопје: Педагошки завод на Македонија

7. *Концепција за основно образование*. Министерство за образование и наука, март 2021. решение бр. 08-3980/1 од 3.03.2021

8. Кошевалиска,О., Нанев, Л., Малолетничко казнено право, Штип, 2018 : Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Достапно на: (URL): https://e-lib.ugd.edu.mk/naslovna.php. (4.9.2024)

9. Обединети нации Северна Македонија, Преземено на 18 август 2024 год.: https://northmacedonia.un.org/mk/sdgs.

10. *Основни професионални компетенции и стандарди на наставниците*, (2016). Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Преземено на 19 август 2024 год.: https://www.mcgo.org.mk/pub/Kompetencii_standardi_za_nastavnici_MK.pdf

11. *Предлог-каталог на основни професионални компетенции на наставниците*, (2013) Проект за професионален и кариерен развој на наставниците, Проектот е спроведен од страна на Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), во партнерство со Бирото за развој на образованието и Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор, Преземено на 19 август 2024 год.: https://www.mcgo.org.mk/wp-content/uploads/2014/01/Predlog_Katalog-na-osnovnite-profesionalni-kompetencii-za-nastavnici.pdf

12. Упатство за постапката за пријавување на ученик-жртва на која било од формите на насилство, злоупотреба и занемарување, Министерството за образование и наука (Член 66 став 2 од Законот за основно образование „*Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.161/2019*), Преземено на 11 август 2024 год.: https://mon.gov.mk/content/?id=3288

13. *Устав на Република Северна Македонија*, Преземено на 29 август 2024 год.: https://www.sobranie.mk/content/Odluki%20USTAV/UstavSRSM.pdf

# ПРИЛОЗИ

**ПРИЛОГ А Предлог-формулар за планирање реализација на резултатите од учењето поврзани со насилството**

Наставнички факултет/ Универзитет: ____________________________________________

Студиска програма: ______________________________________________________

Предмет: ____________________________________________________________

Број на часови за реализација на предвидените очекувани резултати: _________________

| Подрачје на професионални компетенции на наставникот | Компетенции кои се развиваат кај студентот | Резултат/и од учењето | Тема/ Содржина | Методологија/ методи (Одберете или креирајте по една или две техники/ методологии/ стратегии на поучување и опишете ги во детали) | Евалуација (Одберете по еден или два начина на евалуација и опишете ги во детали) | Индикатори за успешност: Индикатори за успех | Индикатори за успешност: Индикатори за неуспех |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| Извори и ресурси поврзани со резултатите од учењето | | | | | | | |

**Прилог Б Структура на предметна програма во Елаборатот за студиска програма потребна за Акредитација на студиската програма**

**1. Предметни програми со информации согласно со членот 4 од Правилникот за содржина на студиските програми („Службен весник на Република Македонија“, бр.79/2023)**

Ред.број:

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | | | | |
| 2. | Код | | | | |
| 3. | Студиска програма | | | | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | | | | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | | | | |
| 6. | Академска година / семестар | Година | | семестар | |
| 7 | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС-кредити | | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен е одговорен наставник) | | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | | | | |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | | | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава. часови | | |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | | |
| | | 16.3. | Пракса: часови | | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | | |
| 18 | Услови за потпис | | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | | |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | | |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | | |

<table>
<tr><td rowspan="6">20</td><td colspan="3" rowspan="6">Критериуми за оценување (бодови/ оценка)</td><td>до 50 бода</td><td colspan="2">5 (пет) (F)</td></tr>
<tr><td>51 х до 60 бода</td><td colspan="2">6 (шест) (E)</td></tr>
<tr><td>61 х до 70 бода</td><td colspan="2">7 (седум) (D)</td></tr>
<tr><td>од 71 до 80 бода</td><td colspan="2">8 (осум) (C)</td></tr>
<tr><td>од 81 до 90 бода</td><td colspan="2">9 (девет) (B)</td></tr>
<tr><td>од 91 до 100 бода</td><td colspan="2">10 (десет) (A)</td></tr>
<tr><td>21.</td><td colspan="3">Метод на следење на квалитетот на наставата</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td rowspan="11">22.</td><td colspan="6">Литература</td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.1.</td><td colspan="5">Задолжителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="5">22.2.</td><td colspan="5">Дополнителна литература</td></tr>
<tr><td>Ред. број</td><td>Автор</td><td>Наслов</td><td>Издавач</td><td>Година</td></tr>
<tr><td>1.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>2.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>3.</td><td></td><td></td><td></td><td></td></tr>
</table>